13. III. 1988

4134 Централна правосудна книжница
Врховног содишча СР Словеније
61000 - ЉУБЉАНА
ул."Товчарјева" бр. 9

# СЛУЖ...

## НА СОЦИЈАЛИ... ...ЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена. Огласи според тарифата.

Понеделник, 27 февруари 1989
Скопје
Број 7 Год. XLV

Аконтацијата за 1989 година изнесува 40.000 динари. Овој број чини 1.500 дин. Жиро сметка 40100-603-12498

**91.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

### УКАЗ
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОЦИТЕ НА ГРАЃАНИТЕ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за даноците на граѓаните,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 22 февруари 1989 година.

Бр. 08-739/1
22 февруари 1989 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

### ЗАКОН
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОЦИТЕ НА ГРАЃАНИТЕ

Член 1

Во Законот за даноците на граѓаните („Службен весник на СРМ“ број 12/87, 50/87 и 7/88), во член 104 ставовите 1 и 2 износот: „50.000“ се заменува со износот: „150.000“.

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

---

**92.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

### УКАЗ
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕН НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за избор на член на Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на одделни седници на Соборот на здружениот труд, Соборот на општините и Општествено-политичкиот собор, одржани на 22 февруари 1989 година.

Бр. 08-738/1
22 февруари 1989 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

### ЗАКОН
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕН НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

Член 1

Во Законот за избор на член на Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија („Службен весник на СРМ“ бр. 16/74), во член 2 по став 1 се додава нов став 2 кој гласи:

„Пред утврдувањето на кандидатите на Конференцијата, предлогот на можните кандидати се поднесува до Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Југославија, заради спроведување на претходна постапка на изјаснување за кандидатите за член на Претседателството“.

Член 2

Во член 6 се додаваат два нови ставови, кои гласат:

„Ако при гласањето ниту еден од кандидатите не го добил потребното мнозинство гласови од став 1 на овој член, гласањето се повторува за двајцата кандидати што добиле најголем број гласови. Доколку меѓу кандидатите со најголем број гласови има кандидати со ист број гласови, гласањето се повторува за сите кандидати со најголем број гласови.

Ако и при повторното гласање ниту еден од кандидатите не го добил потребното мнозинство гласови, се повторува целата изборна постапка“.

Член 3

Член 7 се брише.

Член 4

Во член 9 став 1 се менува и гласи:

„Гласањето се врши со гласачко ливче“.

Член 5

Член 15 се менува и гласи:

„Собранието може по сопствена иницијатива, по предлог од Конференцијата или по предлог од Собранието на СФРЈ, а по спроведена претходна расправа во Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Југославија, да го разреши членот на Претседателството пред истекот на времето за кое е избран.

Во Собранието иницијатива за разрешување можат да покренат најмалку 30 делегати, со тоа што меѓу нив мора да има најмалку 5 делегати од секој собор на Собранието".

Член 6

Членот 16 се брише.

Член 7

Во членовите 1 и 18 зборот „отповикот" се заменува со зборот „разрешувањето".

Член 8

Во член 17 зборот „отповикан" се заменува со зборот „разрешен", а зборот „отповикувањето" се заменува со зборот „разрешувањето".

Член 9

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

---

**93.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## УКАЗ
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОПШТОНАРОДНА ОДБРАНА

Се прогласува Законот за изменување на Законот за општонародна одбрана,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на одделни седници на Соборот на здружениот труд, Соборот на општините и Општествено-политичкиот собор, одржани на 22 февруари 1989 година.

Бр. 08-737/1
22 февруари 1989 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

## ЗАКОН
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОПШТОНАРОДНА ОДБРАНА

Член 1

Во Законот за општонародна одбрана („Службен весник на СРМ" број 26/84, 12/85, 50/87 и 7/88), во член 365 став 1 зборовите: „40.000 до 300.000" се заменуваат со зборовите: „500.000 до 1.500.000".

Во став 2 зборовите: „30.000 до 60.000" се заменуваат со зборовите: „150.000 до 250.000".

Член 2

Во член 366 став 1 зборовите: „10.000 до 200.000" се заменуваат со зборовите: „300.000 до 1.200.000".

Во став 2 зборовите: „8.000 до 40.000" се заменуваат со зборовите: „100.000 до 200.000".

Член 3

Во член 367 зборовите: „15.000 до 60.000" се заменуваат со зборовите: „120.000 до 220.000".

Член 4

Во член 368 зборовите: „10.000 до 60.000" се заменуваат со зборовите: „100.000 до 200.000", а зборот „поединец" се заменува со зборовите: „физичко лице".

Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

---

**94.**

Врз основа на член 53 од Законот за општествениот правобранител на самоуправувањето („Службен весник на СРМ" број 32/84), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 22 февруари 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА РЕПУБЛИЧКИОТ ОПШТЕСТВЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ НА САМОУПРАВУВАЊЕТО ЗА 1989 ГОДИНА

Се усвојува Програмата за работа на Републичкиот општествен правобранител на самоуправувањето за 1989 година, што ја донесе Републичкиот општествен правобранител на самоуправувањето.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-745/1
22 февруари 1989 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
**Петар Карајанов,** с. р.

---

**95.**

Врз основа на член 318 став 2 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија на одделни седници на Соборот за здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 22 февруари 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА СУДСКИТЕ ТАКСИ

1. Се усвојува Договорот за усогласување на судските такси.

2. Се овластува Михајло Маневски, член на Извршниот совет на Собранието на СРМ и републички секретар за правосудство и управа, од името на Собранието на СРМ да го потпише Договорот во предложениот текст.

3. Оваа одлука се објавува во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-746/1
22 февруари 1989 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
**Петар Карајанов,** с. р.

96.

Врз основа на член 318 став 2 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 22 февруари 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ ЗА ОСНОВИТЕ НА ПОЛИТИКАТА НА ДАНОЦИТЕ И ПРИДОНЕСИТЕ

1. Се усвојува Договорот за основите на политиката на даноците и придонесите.

2. Се овластува м-р Методија Тошевски, член на Извршниот совет и републички секретар за финансии, од името на собранието на СР Македонија да го потпише Договорот.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-740/1
22 февруари 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

---

97.

Врз основа на член 318 став 2 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 22 февруари 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ ЗА ОСНОВИТЕ НА ПОЛИТИКАТА НА ДАНОЦИТЕ И ПРИДОНЕСИТЕ

1. Се усвојува Договорот за основите на политиката на даноците и придонесите.

2. Се овластува м-р Методија Тошевски, член на Извршниот совет и републички секретар за финансии, од името на Собранието на СР Македонија да го потпише Договорот.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-740/1
22 февруари 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

---

98.

Врз основа на член 318 став 2 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 22 февруари 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА КРЕДИТНАТА ПОЛИТИКА НА РЕПУБЛИКАТА ВО 1989 ГОДИНА

Член 1

Со кредитната политика во 1989 година, ќе се поддржува остварувањето на задачите утврдени со Општествениот план на Социјалистичка Република Македонија за периодот од 1986 до 1990 година и Програмата на мерки на економската политика во 1989 година.

Член 2

Во рамките на основните задачи од член 1 на оваа одлука ќе се поттикнуваат подготовките и производството за извоз, земјоделското производство и откупот на земјоделските и прехранбените производи, развојот на малото стопанство во општествениот и индивидуалниот сектор и подготовките на комерцијалниот туризам во туристичко рекреативните центри во Републиката.

Член 3

Банките, во рамките на своите билансни можности ќе вршат кредитирање на селективните намени во кои учествува и примарната емисија.

Обврските од став 1 на овој член банките ќе ги остваруваат зависно од сезонските карактеристики на намените што се кредитираат.

Член 4

Заради реализација на економско-финансиската консолидација на стопанството и усогласување на односите меѓу кредитирањето на неговите тековни развојни потреби, банките ќе насочат најмалку една третина од долгорочните средства за обезбедување трајни извори на обртни средства.

Член 5

Со својата деловна политика банките ќе го поттикнуваат развојот на стопански недоволно развиените краишта.

Член 6

За долгорочни вложувања во основни средства во стопанството, банките ќе насочат најмалку 25% од прирастот на орочените депозити над една година и од наплатените отплати од одобрените долгорочни кредити од банкарските средства и тоа:

— 5% за кредитирање на индивидуалните земјоделци;

— 5% за развој на малото стопанство;

— 10% за кредитирање на продажбата на опрема на домашниот пазар и во странство и за вградени материјали при изведувањето на инвестициони работи во странство; и

— 5% за набавка и ремонт на шински возила.

Банките во свои одлуки, поблиску ќе ги утврдат условите и намените за кредитирање од средствата за долгорочни вложувања.

Член 7

При одобрувањето на кредити, согласно со критериумите за структурно насочување и оцените за општествено-економската оправданост и ефикасност на инвестициите, банките ќе даваат приоритет на проектите од модерните пропулзивни, трудоинтензивни и извозно-ориентирани дејности кои влијаат на преструктуирање на стопанството и на подигање на техничко-технолошкото ниво на производството, врз намалување на потрошувачката на материјали и енергија по единица производ и врз намалувањето на негативните влијанија врз животната средина.

Посебно ќе се стимулира развојот на организациите од малото стопанство, како и инвестициите во кои се ангажираат средства од заемот за вработување.

Член 8

Заради обезбедување услови за редовен увоз на сурова нафта и нафтени деривати за потребите на стопанството и на населението во Републиката, банките ќе склучат самоуправна спогодба за здружување на средства за кредитирање на увозот и преработка на сурова нафта и нафтени деривати.

Самоуправната спогодба од став 1 на овој член ќе се склучи по иницијатива на Стопанската комора на Македонија.

Доколку самоуправната спогодба не се склучи, Извршниот совет на Собранието на СР Македонија ќе ги пропише начинот и условите за обезбедување и користење на средствата, односно за извршување на обврските на банките.

Член 9

Банките, со својата кредитна политика, ќе ја поддржуваат изградбата на станови за работните луѓе и граѓаните, со нерешено или несоодветно решено станбено прашање, изградбата на станови во општествена сопственост, како и изградбата на станови за пазар.

За намените од став 1 на овој член, банките ќе одобруваат кредити најмалку во висина на расположливите средства за станбена изградба и во рамките на утврдените критериуми со самоуправна спогодба.

Заради обезбедување поповолни услови за стекнување стан во лична сопственост (изградба и купување на стан, како и откуп на општествен стан), банките организираат наменско штедење за стан.

Член 10

Слободните парични средства на општествено-политичките заедници во Републиката што се водат како депозит ќе се насочуваат во вид на краткорочни кредити.

Намените, условите и начинот на користење на овие кредити ќе се утврдуваат со посебна одлука на Извршниот совет на Собранието на СР Македонија, врз програмски пристап.

Член 11

Средствата на вишоците на приходите над расходите на Народната банка на Македонија, до нивното дефинитивно насочување со завршната сметка, се користат за краткорочни заеми за кредитирање на:

— земјоделството, во висина од најмалку 50% од расположливите средства;

— обврски на Републиката утврдени со Републичкиот буџет и

— подготовка на производство за извоз и извоз.

Член 12

Краткорочните заеми од член 11 на оваа одлука се одобруваат со рок на враќање до 31 декември 1989 година, а најдоцна до потврдувањето на завршната сметка на Народната банка на Македонија, со каматна стапка од 45% годишно, освен за намените од алинеја 2 за кои не се пресметува камата.

Каматна стапка од став 1 на овој член претставува ревалоризациона стапка.

Член 13

Приходите од каматите од член 12 на оваа одлука се насочуваат и тоа:

— 50% за Програмата за поттикнување на развојот на земјоделството;

— 25% за Програмата за пошумување на голините и

— 25% за Програмата за реконструкција и модернизација на Печатницата на НИПРО „Нова Македонија".

Член 14

Поблиските намени и корисници, како и рокот на враќањето на краткорочните заеми од член 11 на оваа одлука ги утврдува Извршниот совет на Собранието на СР Македонија, по претходно мислење на Народната банка на Македонија.

Член 15

Слободните средства од штедните влогови и другите средства на граѓаните кај поштенската штедилница, ќе се насочат најмногу 70% за реализација на Програмата за развој на поштенско-телефонско-телеграфскиот сообраќај, 10% за доопремување на железничкиот сообраќај, 10% за создавање резерви на месо во жив добиток и 10% за развој на малото стопанство

Член 16

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-758
22 февруари 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**99.**

Врз основа на член 4 од Законот за обезбедување и насочување на средства за поттикнување на развојот на земјоделството („Службен весник на СРМ" број 37/83, 8/84, 17/84, 3/85, 35/85, 44/85, 13/86 и 11/87), Општествениот план на СРМ за периодот од 1986 до 1990 година, Собранието на СР Македонија на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 22 февруари 1989 година, донесе

## ПРОГРАМА
## ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ВО 1989 ГОДИНА

I

Со оваа програма за развој на земјоделството се врши насочување на средства за 1989 година кои се обезбедуваат по основ на зафаќањата во просек од 1,2 од доходот на стопанството во износ од 20.000.000.000 динари, од средствата на општествено-политичката заедница кои се водат како депозит во Народната банка на Македонија во износ од 3.300.000.000 динари и од вишоците на приходите над расходите кај Народната банка на Македонија за 1988 година во износ од 2.200.000.000 динари, односно вкупниот износ од 25.500.000.000 динари. Средствата ќе се користат според намените, критериумите и условите утврдени со оваа програма и тоа за:

во илјади динари

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Подигање на вештачки ливади до | 2.900.000 |
| 2. | Премија за млеко до | 10.800.000 |
| 3. | Поттикнување на развојот на сточарството, рибарството и пчеларството до | 3.905.000 |
| 4. | Финансирање на изградба на брани за мали акумулации и мали хидромелиоративни системи за развој на земјоделството до | 4.000.000 |
| 5. | Унапредување на индивидуалното земјоделство до | 3.600.000 |
| 6. | За недоволно предвидени износи на средства за точките 1, 2, 3, 4 и 5 | 295.000 |

II

1) Средствата од дел I точка 1 на оваа програма во износ од 2.900.000.000 динари ќе се користат за:

во илјади динари

| | |
|---|---|
| — подигање на 500 ха вештачки ливади за производство на семе во износ до | 375.000 |
| — за подигање на вештачки ливади за производство на кабаста храна на 2.450 ха во износ до | 2.225.000 |
| — за покривање на разликата на цените на семенскиот материјал, земјоделска пропаганда и за недоволно предвидени работи и трошоци во износ до | 300.000 |

2) Средствата од дел II точка 1 на оваа програма ќе се користат и тоа.

— за набавка на елитно семе од еспарзета за засејување на околу 500 ха кои ќе служат за организирање на производството на семе од оваа култура, во износ до 375.000.000 динари.

Организациите на здружениот труд и земјоделските задружни организации кои ќе подигнат семепроизводни парцели од треви, без надоместок ќе добијат елитно семе за подигање на ливади чија намена во основа ќе биде за производство на семе од еспарзета;

— за подигање на вештачки ливади со еспарзета наменети за производство на зелена маса и сено и тоа на 500 ха во општествениот сектор и 250 ха во индивидуалниот сектор. За оваа намена се предвидуваат до 675.000.000 динари.

За подигање на вештачки ливади со тревни смески на ерозивни ораници наменети за производство на сено и испаша и тоа во општествениот сектор 200 ха и 1.500 ха во индивидуалниот сектор. За секој подигнат хектар во двата сектора ќе се обезбеди бесплатно семе. Купувањето на семето ќе се изврши од средствата предвидени за оваа намена во износ до 1.550.000.000 динари.

Распоредот на количеството на семе по корисници врз основа на барање, ќе го изврши Републичкиот комитет за земјоделство, шумарство и водостопанство, по претходно прибавено мислење од ООЗТ Институт за полјоделство и градинарство при Земјоделскиот факултет.

— за правење на тревни смески од повеќе видови треви, пакување во единици за затревување на еден декар, за покривање на разликата на цената на семенскиот материјал, за трошоци за испитување на семиња, за дотур на семенскиот материјал до индивидуалните земјоделци, за земјоделска пропаганда и други трошоци сврзани со реализацијата на оваа програма, се предвидуваат 300.000.000 динари.

3) Корисници на средствата, односно на висококвалитетно семе предвидени во дел II на оваа програма може да бидат организациите на здружениот труд и земјоделски задружни организации и други субјекти кои ќе произведуваат семе и кабаста сточна храна од соодветните тревни култури и кои со сопствени средства ќе извршуваат основна обработка, предсеидбена подготовка на почвата, ѓубрење, сеидба и нега на посевот, како и организациите на кои преку стручни и популарни написи ќе ја поттикнуваат примената на современата технологија во развојот на земјоделството.

4) Приоритетот во користењето на семе за подигање на вештачки ливади за семепроизводство ќе имаат оние организации на здружениот труд и земјоделски задружни организации кои располагаат со погодни површини за оваа намена, оспособен кадар за семепроизводството и опременост со нужна механизација.

Приоритет за користење на семе од треви и тревни смески, за подигање на вештачки ливади наменети за добивање на кабаста сточна храна ќе имаат оние организации на здружениот труд и земјоделските задружни организации кои располагаат со сточен фонд и сопствени површини.

За користење на семе, а подигање на вештачки ливади во индивидуален сектор, приоритет ќе имаат здружените земјоделци и оние земјоделци кои живеат во ридско-планинските населби и кои пред сè, располагаат со сточен фонд и сопствени површини кои не се погодни за друго производство (ерозивни и напуштени ораници и сл.).

5) Републичкиот комитет за земјоделство, шумарство и водостопанство со договор го утврдува обемот на мерките по корисници, како и посебните услови за користење на средствата предвидени во дел II од оваа програма.

Средствата за семенскиот материјал за подигање на вештачки ливади за сите корисници се исплатуваат по налог на Комитетот, а во рамките на расположливите средства предвидени во дел II од оваа програма.

III

1) Средствата од дел I точка 2 на оваа програма во износ од 10.800.000.000 динари ќе се користат за исплата на премија за млеко.

За произведено кравјо и овчо млеко од организациите на здружениот труд и од земјоделските задруги или во кооперација со индивидуалните земјоделски производители од подрачјето на СР Македонија се исплатува премија во износ од 180 динари по литар.

Оваа премија се исплатува за кравјо млеко што содржи најмалку 3,2% млечна маст и за овчо млеко што содржи најмалку 6% млечна маст. Ако млекото содржи повеќе од предвидениот процент на млечна маст, премијата сразмерно се зголемува, со тоа што за кравјото млеко пресметката се врши најмногу до 4,3% млечна маст, а за овчо млеко до 8,5% млечна маст.

Премијата се исплатува и за кравјо и овчо млеко кое организациите на здружениот труд и земјоделските задруги сами ќе го преработат. За индивидуалните земјоделски производители во кооперација, премијата ќе се исплатува за млеко што се откупува за преработка.

Премијата за млеко од точка 1 од овој дел ќе се остварува доколку и општината исплатува најмалку 40 динари по литар млеко.

Премиите ќе им се исплатат на организациите на здружениот труд и земјоделските задружни организации врз основа на барањето што го поднесуваат со соодветна документација до Службата на општественото книговодство во СР Македонија до 31 јануари 1990 година.

IV

1) Средствата од дел I точка 3 од оваа програма, во износ од 3.905.000.000 динари, ќе се користат за:

во илјади динари

| | |
|---|---|
| — говедарство до | 2.864.000 |
| — овчарство до | 646.000 |
| — коњарство до | 74.500 |
| — рибарство до | 70.000 |
| — пчеларство до | 150.000 |
| — посебни мерки до | 100.500 |
| ВКУПНО: | 3.905.000 |

2) Средствата од претходната точка ќе се користат за субвенционирање, односно регресирање на трошоците за зголемување на производството на: млеко, месо, волна и унапредување на коњарството, рибарството, пчеларството, како и примена на посебни мерки, и тоа:

во илјади динари

| | Број грла | Учество по грло | Вкупно динари |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| ГОВЕДАРСТВО | | | 2.864.000 |
| 1. Зголемен број на крави и стелни јуници од благородни раси и нивни крстоски што ќе претставуваат проширена репродукција на основното стадо: | | | |

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| а) набавени (за проширена репродукција) | 450 | 3.500 | 1.575.000 |
| б) од сопствено стадо (за проширена репродукција) | | | |
| — општествен сектор | 800 | 800 | 640.000 |
| — индивидуален сектор | 450 | 500 | 225.000 |
| 2. Учество за набавка и одгледување на бикови од благородни раси (монтафонска, оберинталска) за индивидуален сектор во ридско-планинските подрачја | 40 | 1.500 | 60.000 |
| — за учество за набавка на бикови за репроцентарот за вештачко осеменување при Институтот за ветеринарство до | | | 10.000 |
| 3. Учество во одгледувањето на машки телиња наменети за бикови во 1990 година | 40 | 400 | 16.000 |
| 4. Учество во набавката на електрични апарати за молзење на крави во индивидуалниот сектор (во кооперација) | 150 | 1.000 | 150.000 |
| 5. Финансирање на службата за матично книговодство и селекција во говедарството, овчарството и коњарството во индивидуалниот сектор до | — | — | 173.000 |
| 6. За полнење на контејнери за вештачко осеменување до | — | — | 15.000 |
| ОВЧАРСТВО | | | 646.000 |
| 7. Учество за набавка на овни оригинални грла од расата виртемберг за В/О на овци во општествениот и индивидуалниот сектор | 50 | 400 | 20.000 |
| 8. Учество за набавка на овни репродуктори за индивидуален сектор | 700 | 200 | 140.000 |
| 9. Учество во одгледувањето на машки јагниња за производство на овни репродуктори за потребите на индивидуалниот сектор за 1990 година | 700 | 80 | 56.000 |
| 10. Одгледување на женски грла ѕвиски во општествениот сектор, добиени со вкрстување на домашната популација овци со виртемберг овни (зголемен број на матично стадо) | 10.000 | 40 | 400.000 |

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| 11. Вештачко осеменување на овци во индивидуалниот сектор (во сезона) до | 8.000 | 3 | 24.000 |
| 12. Учество во набавката на апарати за стрижење на овци | 6.000 | 6 | 1.000 |
| КОЊАРСТВО | | | 74.500 |
| 13. Субвенционирање во одгледувањето на приплоден подмладок на ергелата „Витачево“ — Кавадарци | — | — | 40.000 |
| 14. Откуп на пастуви и кобили | 10. | 3.000 | 30.000 |
| 15. Лиценцирање и кастрирање на пастуви | 500 | 6 | 3.000 |
| 16. Осигурување на машки приплодни грла | — | — | 1.500 |
| РИБАРСТВО | | | 70.000 |
| 17. Учество во изградбата и опремувањето на репроцентар за производство на подмладок од ладноводни видови риби — Маврово (речна пастрмка) | — | — | 50.000 |
| 18. Субвенционирање на производството и набавката на подмладок за порибување на кафези | — | — | 20.000 |
| ПЧЕЛАРСТВО | | | 150.000 |
| 19. Субвенционирање на набавката пчелни сандаци за индивидуален сектор во посебните ридско планински подрачја | 1.000 | 60 | 60.000 |
| 20. Учество во трошоците за производство на жив пчелен материјал (за индивидуален сектор) | | | |
| — нуклеуси | 800 | 40 | 32.000 |
| — матици | 2.000 | 4 | 8.000 |
| 21. Учество во дооформувањето на репроцентар за пчеларство | — | — | 50.000 |
| ПОСЕБНИ НАМЕНИ | | | 100.500 |
| 22. Учество во финансирањето на трошоци за реализација на „Макропроектот III“ до | — | — | 50.000 |
| 23. Учество во набавката на калифорниски глисти (легла) | 100 | 200 | 20.000 |
| 24. Учество во трошоците за организирање на сточарска изложба | 1 | 3 | 3.000 |
| 25. Други трошоци за спроведување на програмата и недоволно планирани мерки, контрола во спроведувањето на програмата и др. до | — | — | 27.500 |

3) Непосредни реализатори на мерките предвидени во деловите II и IV од оваа програма се организациите на здружениот труд и земјоделските задружни организации за мерките што ќе се реализираат во општествениот сектор. Мерките и активностите што ќе се реализираат во индивидуалниот сектор, ги спроведуваат општинските стручни служби — центри за унапредување на индивидуалното земјоделство и Републичкиот центар за унапредување на индивидуалното земјоделство „Примена“ — Скопје.

V

1) Средствата од дел I точка 4 од оваа програма во износ од 4.000.000.000 динари ќе се користат за финансирање на изградбата на брани за мали акумулации и мали хидромелиоративни системи за наводнување на земјоделското земјиште, за напојување на домашните животни и дивечот, кои се распоредуваат за:

во илјади динари

| | |
|---|---|
| — Учество во изградбата на брани за мали акумулации и мали хидромелиоративни системи до | 3.960.000 |
| — недоволно предвидени средства за изградба на мали акумулации и мали хидромелиоративни системи и други трошоци за спроведување на оваа програма како и за техничка документација што ќе послужи за изготвување на среднорочна програма се утврдува износ на средства до | 40.000 |

2) Средствата од дел V точка 1 на оваа програма можат да се користат за учество во финансирањето на изградбата на објектите и работите, најмногу до 50% од нивната пресметковна вредност. Во пресметковната вредност влегуваат и средствата за истражни работи и проектирање.

Право на користење на средства на оваа програма имаат водостопанските, земјоделските и други организации на здружениот труд и земјоделските задружни организации кои со непосредните водокорисници постигнале спогодба за изградба и искористување на водата од објектите утврдени во дел V точка 1 на оваа програма.

Предимство при одобрување на овие средства имаат оние објекти кои се од значење и за општонародната одбрана, односно за објектите во кои народната одбрана учествува во финансирањето со наменски средства.

VI

1) Средствата од дел I точка 5 на оваа програма во износ од 3.600.000.000 динари, ќе се користат за субвенционирање, односно регресирање на активностите за зголемување на индивидуалното земјоделско производство, како и финансирање на Републичкиот центар за унапредување на индивидуалното земјоделство „Примена“ — Скопје и општинските стручни служби — центри за унапредување на индивидуалното земјоделство.

Овие средства се распоредуваат по единица мерка за следните намени:

| | | Субвенција по единица мерка | | | Вкупен износ на субвенција во 000 дин. | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно количество грла/кгр. бр. | Републичка програма | Општинска програма | Вкупно количество 3 + 4 | Републичка програма | Општинска програма | Вкупно 6 + 7 |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| СТОЧАРСТВО | | | | | | | |
| 1. В/О на крави во вет. ст. бр. | 4.060 | 1.700 | 1.700 | 3.400 | 6.902 | 6.902 | 13.804 |
| 2. В/О на крави во пункт бр. | 19.390 | 5.000 | 5.000 | 10.000 | 96.950 | 96.950 | 193.900 |
| 3. Сило јами-тренч. бр. | 30 | 340.000 | 340.000 | 680.000 | 10.200 | 10.200 | 20.400 |
| 4. Сило јами-фолија | 175 | 42.500 | 42.500 | 85.000 | 7.438 | 7.438 | 14.876 |
| ВКУПНО СТОЧАРСТВО: | | | | | 121.490 | 121.490 | 242.980 |
| ПОЛЈОДЕЛСТВО | | | | | | | |
| 5. Семе јачмен и јара пчени. кг. | 145.000 | 170 | 170 | 340 | 24.650 | 24.650 | 49.300 |
| 6. Семе хибридна пченка кг | 200.000 | 3.000 | — | 3.000 | 600.000 | — | 600.000 |
| 7. Семе рж кг. | 25.500 | 140 | 140 | 280 | 3.570 | 3.570 | 7.140 |
| 8. Опити во оризопроиз. бр. | 11 | 50.000 | 50.000 | 100.000 | 550 | 550 | 1.100 |
| 9. Семе компир за ридско-планински подрачја — кг. | 307.000 | 300 | 300 | 600 | 92.100 | 92.100 | 184.200 |
| 10. Семе луцерка — кг. | 29.550 | 1.000 | 1.000 | 2.000 | 29.550 | 29.550 | 59.100 |
| 11. Семе сточен грашок и граорица | | | | | | | |
| — како предкултура — кг. | 31.300 | 400 | 400 | 800 | 12.520 | 12.520 | 25.040 |
| — главна и втора култ. кг. | 9.200 | 260 | 260 | 520 | 2.392 | 2.392 | 4.784 |
| 12. Производ. демон. опити во полјоделството — бр. | 254 | 50.000 | 50.000 | 100.000 | 12.700 | 12.700 | 25.400 |
| 13. Полјоделски опити со херб. бр. | 196 | 20.000 | 20.000 | 40.000 | 3.920 | 3.920 | 7.840 |
| ВКУПНО ПОЛЈОДЕЛСТВО: | | | | | 781.952 | 181.952 | 963.904 |
| ГРАДИНАРСТВО | | | | | | | |
| 14. Производно демонстр. опити со нови сорти домати бр. | 64 | 50.000 | 50.000 | 100.000 | 3.200 | 3.200 | 6.400 |
| 15. Производно демонстр. опити со средства за заштита бр. | 84 | 20.000 | 20.000 | 40.000 | 1.680 | 1.680 | 3.360 |
| ВКУПНО ГРАДИНАРСТВО: | | | | | 4.880 | 4.880 | 9.760 |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ОВОШТАРСТВО | | | | | | | |
| 16. Разни видови овош. садници за ридско-план. подрачја бр. | 64.150 | 500 | 500 | 1.000 | 32.075 | 32.075 | 64.150 |
| 17. Рибизли-малини бр. | 1.400 | 200 | 200 | 400 | 280 | 280 | 560 |
| 18. Шипки-капини бр. | 7.450 | 200 | 200 | 400 | 1.490 | 1.490 | 2.980 |
| 19. Лешници бр. | 350 | 500 | 500 | 1.000 | 175 | 175 | 350 |
| 20. Калемен орев бр. | 1.100 | 1.000 | 1.000 | 2.000 | 1.100 | 1.100 | 2.200 |
| 21. Селекциониран орев. бр. | 1.350 | 500 | 500 | 1.000 | 675 | 675 | 1.350 |
| 22. Демон. опити со заштита во овоштарството — бр. | 93 | 50.000 | 50.000 | 100.000 | 4.650 | 4.650 | 9.300 |
| ВКУПНО ОВОШТАРСТВО: | | | | | 40.445 | 40.445 | 80.890 |
| ЛОЗАРСТВО | | | | | | | |
| 23. Демон. опити со заштит. во лозарството бр. | 32 | 50.000 | 50.000 | 100.000 | 1.600 | 1.600 | 3.200 |
| ВКУПНО ЛОЗАРСТВО: | | | | | 1.600 | 1.600 | 3.200 |
| ДОПОЛНИТЕЛНИ МЕРКИ | | | | | | | |
| 24. Агро-хемиски анализи бр. | 174 | 5.000 | 5.000 | 10.000 | 870 | 870 | 1.740 |
| ВКУПНО ДОПОЛНИТЕЛНИ МЕРКИ: | | | | | 870 | 870 | 1.740 |
| ОПШТИ МЕРКИ | | | | | | | |
| 25. Натпревар за високи приноси — општински и републички | | | | | 20.000 | 20.000 | 40.000 |
| 26. Републич. и сојуз. натпревар за високи прин. трак. натпревари | | | | | 11.000 | — | 11.000 |
| 27. Земјод. образов. и пропаганда | | | | | 50.000 | 50.000 | 100.000 |
| 28. Бруто-личен доход на службите | | | | | 1.462.310 | 1.462.310 | 2.924.620 |
| 29. Бруто-личен доход на „Примена" | | | | | 187.343 | — | 187.343 |
| 30. Материјални трошоци на службите | | | | | 368.000 | 368.000 | 736.000 |
| 31. Материјални трошоци на „Примена" | | | | | 73.000 | — | 73.000 |
| 32. Ревалоризација | | | | | 100.000 | 100.000 | 200.000 |
| 33. Амортизација | | | | | 36.000 | 36.000 | 72.000 |
| 34. К-15 | | | | | 20.380 | 20.380 | 40.760 |
| 35. Општествена исхрана | | | | | 112.640 | 112.640 | 225.280 |
| 36. Трошоци на Советот за унапр. на индив. земјод. | | | | | 8.000 | — | 8.000 |
| 37. Обезбедување на теренски возила | | | | | 42.000 | 42.000 | 84.000 |
| ВКУПНО ОПШТИ МЕРКИ: | | | | | 2.490.673 | 2.221.330 | 4.702.003 |
| ВКУПНО МЕРКИ: | | | | | 3.441.910 | 2.562.567 | 6.004.477 |
| 38. За недоволно предвидени мерки: | | | | | 158.090 | — | 158.090 |
| СЕ ВКУПНО: | | | | | 3.600.000 | 2.562.567 | 6.162.567 |

2) Во рамките на вкупно расположливите средства по оваа намена се утврдуваат следниве износи на вкупните субвенции и регреси по општини и тоа:

| Реден број | Корисници на средствата за програмата (општина, стручна служба или центар) | Утврден износ за 1989 година |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| 1. | Берово | 70.456.000 |
| 2. | Битола | 136.779.000 |
| 3. | М. Брод | 93.835.000 |
| 4. | Валандово | 48.025.000 |
| 5. | Виница | 56.250.000 |
| 6. | Гостивар | 129.017.000 |
| 7. | Гевгелија | 84.364.000 |
| 8. | Дебар | 32.627.000 |
| 9. | Делчево | 46.531.000 |
| 10. | Д. Хисар | 107.840.000 |
| 11. | Кочани | 75.850.000 |
| 12. | Кичево | 99.493.000 |
| 13. | Кр. Паланка | 34.546.000 |
| 14. | Куманово | 141.316.000 |
| 15. | Крушево | 96.792.000 |
| 16. | Кратово | 33.369.000 |
| 17. | Кавадарци | 53.193.000 |
| 18. | Неготино | 28.379.000 |
| 19. | Св. Николе | 32.448.000 |
| 20. | Струга | 131.591.000 |
| 21. | Струмица | 94.966.000 |
| 22. | Скопје | 126.122.000 |
| 23. | Охрид | 60.650.000 |
| 24. | Прилеп | 97.331.000 |
| 25. | Пробиштип | 54.574.000 |
| 26. | Радовиш | 53.785.000 |
| 27. | Ресен | 97.843.000 |
| 28. | Тетово | 173.097.000 |
| 29. | Т. Велес | 67.654.000 |
| 30. | Штип | 56.720.000 |
| 31. | Примена | 260.000.000 |
| 32. | Натпревари за високи приноси | 20.000.000 |
| 33. | Републички и сојузни натпревари | 11.000.000 |
| 34. | Земјоделско образование и пропаганда | 50.000.000 |
| 35. | Совет за индивидуално земјоделство | 38.000.000 |
| | ВКУПНО: | 2.764.443.000 |
| 36. | Регрес за семе од хибридна пченка | 600.000.000 |
| 37. | За недоволно предвидени мерки | 158.090.000 |
| | ВКУПНО: | 3.522.533.000 |
| 38. | Зголемена партиципација на неразвиените општини (10—20%) | 77.467.000 |
| | СЕ ВКУПНО: | 3.600.000.000 |

3) Развиените општини во финансирањето на мерките што се утврдуваат во дел VI од оваа програма, учествуваат со ист износ на средства по единица мерка, а општините: Крушево, Кратово, Демир Хисар, Македонски Брод, Дебар и Крива Паланка учествуваат со најмалку 30% од вкупната субвенција по единица мерка, додека општините Ресен, Виница, Берово, Кичево, Радовиш, Гостивар, Струга и Тетово со најмалку 40% од вкупниот износ на субвенцијата на утврдена мерка.

Приоритет при користењето на субвенциите — регресите (републички и општински) по гранки и намени имаат земјоделците од ридско-планинските подрачја и здружените земјоделци.

VII

1) Распределбата на средствата од оваа програма по корисници ја врши Републичкиот комитет за земјоделство, шумарство и водостопанството, врз основа на поднесени барања.

2) За покривање на недоволно предвидени износи на средства во дел I под точките 1, 2, 3, 4 и 5 се предвидуваат средства во износ од 295.000.000 динари.

Доколку планираните средства по основ на зафаќањето од доходот од 1,2 наменети за поттикнување на развојот на земјоделството во износ од 35 милијарди динари од кои 20 милијарди динари се предвидени со оваа програма, а 15 милијарди динари за регрес на вештачки ѓубриња, бидат остварени во поголем износ, тој износ сразмерно ќе биде распореден во истиот соодност за реализација на оваа програма и за регрес на вештачки ѓубриња.

Доколку дојде до извршување на некои мерки предвидени со оваа програма во поголем обем, а друга биде нецелосно реализирана, Републичкиот комитет за земјоделство, шумарство и водостопанство во рамките на вкупно расположливите средства по оваа програма врши соодветна пренамена по мерки, освен за средствата од дел VI на оваа програма, каде пренамената ја врши Советот за унапредување на индивидуалното земјоделство.

3) Претседателот на Републичкиот комитет за земјоделство, шумарство и водостопанство во согласност со републичкиот секретар за финансии, во рок од 15 дена од донесувањето на оваа програма, ќе донесе поблизок пропис за начинот на остварување на правото за користење на средствата утврдени со деловите III и IV на оваа програма.

4) Правата и обврските на корисниците на средствата од оваа програма (освен за средствата од дел VI на оваа програма), се утврдуваат со договор што ќе се склучи меѓу Републичкиот комитет за земјоделство, шумарство и водостопанство и корисниците на средствата. Правата и обврските на корисниците на средствата за унапредување на индивидуалното земјоделство се утврдуваат со договор што ќе се склучува меѓу Советот за унапредување на индивидуалното земјоделство и корисниците на средствата.

VIII

Средствата предвидени со оваа програма се неповратни.

IX

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-736/1
22 февруари 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**100.**

Врз основа на член 2 став 2 од Законот за средствата за пошумување на голините („Службен весник на СРМ" број 48/74), член 17 од Законот за шумите („Службен весник на СРМ" број 20/74, 15/86 и 51/88) и Општествениот план за периодот од 1986 до 1990 година, Собранието на Социјалистичка Република Македонија на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Соборот на општините, одржани на 22 февруари 1989 година, донесе

## ФИНАНСИСКА ПРОГРАМА

### ЗА ПОШУМУВАЊЕ НА ГОЛИНИТЕ И МЕЛИОРАЦИЈА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СЛАБОПРОДУКТИВНИТЕ НИСКОСТЕБЛЕНИ И ДЕГРАДИРАНИ ШУМИ И ШИКАРИ ВО 1989 ГОДИНА

I

Со оваа Финансиска програма се утврдуваат средствата за пошумување на голините и мелиорација и реконструкција на слабопродуктивните нискостеблени и деградирани шуми и шикари во 1989 година, нивните корисници, работите што ќе се финансираат како и начинот на користењето на средствата.

II

Средствата за пошумување на голините и мелиорација и реконструкција на слабопродуктивните нискостеблени и деградирани шуми и шикари се утврдуваат во износ од 4.350,4 милиони динари и тоа по следните основи:

| | |
|---|---|
| — Салдо на жиро-сметка | 0,4 мил. динари |
| — средства што Републиката ги остварува од вишокот на приходите над расходите на Народната банка на Македонија и приходите од каматите | 3.350,0 мил. динари |
| — Буџет на републиката | 1.000,0 мил. динари |
| ВКУПНО: | 4.350,4 мил. динари |

III

Корисниците на средствата за пошумување на голините и мелиорација и реконструкција на слабопродуктивните нискостеблени и деградирани шуми и шикари можат да бидат општините, организациите на здружениот труд што стопанисуваат со шуми и други заинтересирани организации.

IV

Средствата за пошумување на голините и мелиорација и реконструкција на слабопродуктивните нискостеблени и деградирани шуми и шикари ќе се користат: за учество во садење, одгледување и чување на нови шумски насади, за учество во мелиорација на шуми со ресурекција и со прореди, за учество во реконструкцијата на деградираните шуми со одгледување, за производство на садници, за учество во набавка на механизација за пошумување и мелиорација, за учество во изградба на патишта по шумски објекти и објекти за мелиорација и реконструкција, за картирање и колаудација на пошумени објекти, за заштита на пошумените и мелиорираните објекти од болести, штетници и пожари, за следење на здравствена состојба на насадите, научно-применувачки мерки и за трошоци за функција на Советот за пошумување на голините и тоа во следните износи:

| | |
|---|---|
| — учество во садење и одгледување на шумски насади | 1.670,4 мил. динари |
| — учество во мелиорација на шуми со ресурција и прореди | 130 |
| — учество во реконструкцијата на деградирани шуми со одгледување и чување | 340 |
| — производство на садници | 1.710 |
| — учество за набавка на механизација | 320 |
| — учество за изградба на патишта по пошумените објекти и објекти за мелиорација и реконструкција | 60 |

| | | |
|---|---|---|
| — картирање и колаудација на пошумените објекти | 25 | |
| — следење на здравствената состојба на насадите и научно-применувачки мерки | 25 | |
| — заштита на пошумените и мелиорираните објекти од болести, штетници и пожари | 50 | |
| — трошоци за функција | 20 | |
| ВКУПНО: | 4.350,4 мил. динари | |

V

Средствата предвидени со оваа финансиска програма се даваат на корисниците без обврска на враќање.

Средствата за садење и одгледување на шумските насади, за реконструкција на деградирани шуми со одгледување и чување, за мелиорација на шуми со ресурекција и прореди, за набавка на механизација и за изградба на патиштата во пошумени објекти и објекти за мелиорација и реконструкција можат да се користат под услов ако корисниците на средствата обезбедат сопствено учество најмалку 50% од износот на пресметковната вредност на работите.

Од средствата по оваа финансиска програма се обезбедува производство на садници за пошумување на голини и реконструкција на деградирани шуми и шикари на општествени и индивидуални површини без учество, односно без надомест.

VI

Распоредот на средствата од точка IV по корисници ќе го врши Советот на пошумување на голините врз основа на програми за пошумување на голините, односно шумскостопански основи и програми за унапредување на шумите што ги донесуваат корисниците на средствата, како и врз основа на извршените работи.

Висината на учеството на средствата на Републиката по одделни намени ќе ја определи Советот за пошумување на голините.

VII

Со пошумување ќе се зафаќаат голините што се лоцирани на стрмни терени на кои се развиваат ерозивните процеси и голини кои по своите природни особености, стопанско-економски услови и заштитни и други општествени функции, најдобро ќе се користат кога на нив ќе се одгледуваат шуми.

Приоритет во пошумувањето ќе се дава на површините:

— што претставуваат поголема целина, заради поорганизирана заштита и одгледување на подигнатите култури. Големината на истите да не биде помала од 50 ха;

— што не се оптоварени со пасење на добиток, односно се разграничени од пасиштата;

— што се надоврзуваат на постојните природни шуми или подигнати насади, или се во близина на индустриски, сообраќајни или други објекти, покрај езерата, акумулации и слично;

— за кои се решени имотно-правните односи.

Мелиорација на шуми со ресурекциони сечи и прореди ќе се врши во деградирани шуми и шикари што се наоѓаат на плодни растишта и се одликуваат со добар состав на видовите на дрвја и нивна биолошка способност за вегетативно обновување и оформување на квалитетни изданкови шуми, а потоа со соодветни одгледни мерки во високи шуми.

Реконструкција на шуми ќе се врши на деградирани шуми и шикари кои се наоѓаат на плодни и приоритетни растишта но со лош состав на видовите дрвја, со ослабени биолошки способности за вегетативно обновување и формирање на ниски регулирани шуми, како и во лиснички шуми и псевдомакиите.

VIII

Оваа финансиска програма влегува во сила осмиот ден со денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-735/1
22 февруари 1989 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

Претседател
на Соборот на општините,
**Илија Глигороски,** с. р.

**101.**

Врз основа на член 10 од Законот за обезбедување средства на Фондот на Федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини во периодот од 1986 до 1990 година („Службен весник на СРМ бр. 7/86, 45/86 и 50/87), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## ОДЛУКА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТАПКИТЕ ПО КОИ ОБВРЗНИЦИТЕ ЈА ПЛАЌААТ ОБВРСКАТА СПРЕМА ФОНДОТ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ЗА КРЕДИТИРАЊЕ НА ПОБРЗИОТ РАЗВОЈ НА СТОПАНСКИ НЕДОВОЛНО РАЗВИЕНИТЕ РЕПУБЛИКИ И АВТОНОМНИ ПОКРАИНИ ОД 1986 ДО 1990 ГОДИНА ВО 1989 ГОДИНА

1. Обврзниците ја плаќаат обврската по стапка од 4,5%, освен обврзниците што обврската ја плаќаат по следниве стапки и тоа:

— по стапка од 3,2% — обврзниците од дејностите: во областа 01 — Индустрија и рударство, гранките 0105 — Производство на нафтени деривати, 0111 — Производство на неметални минерали (без градежен материјал), во областа 07 — Трговија, гранките 0702 — Трговија на големо и 0703 — Надворешна трговија;

— по стапка од 2,6% — обврзниците од дејностите: во областа 01 — Индустрија и рударство, гранките 0110 — Преработка на обоени метали, 0119 — Преработка на хемиски производи, 0121 — Производство на градежен материјал, 0132 — производство на сточна храна и 0133 — Производство и преработка на тутун во областа 03 — Шумарство; во областа 05 — Градежништво, во областа 07 — Трговија, подгрупата 07011 — Трговија на мало со прехранбени производи во областа 08 — Угостителство и туризам, гранката 0801 — Угостителство; областа 11 — Финансиски, технички и други услуги, подгрупата 110401 — Просторно и урбанистичко планирање и проектирање;

— по стапка од 1,3% — обврзниците од дејностите: во областа 01 — Индустрија и рударство, гранките 0106 — Производство на железна руда, 0107 — Црна металургија, 0108 — Производство на руди од обоени метали, 0109 — Производство на обоени метали, 0118 — Производство на базни хемиски производи од гранката 0126 — Производство на готови текстилни производи, подгрупата 012691 — Производство на покривачи за под, освен рачното килимарство, а од гранката 0130 — Производтсво на прехранбени производи, подгрупата 013021 — Производство на леб и печиво, во областа 02 — Земјоделство и рибарство, групите 02011 — Полјоделство и 02014 — Сточарство.

Обврзниците од дејноста во областа: 01 — Индустрија и рударство, од гранката 0101 — Електростопанство, подгрупата 010105 — Дистрибуција на електрична енергија, обврската ја пресметуваат по стапка од 4,5% и со самоуправна спогодба средствата ги здружуваат и насочуваат за поддржување на развојните програми во таа дејност.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Бр. 23-348/1
9 февруари 1989 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
**Васил Влашки,** с. р.

**102.**

Врз основа на член 5-б од Законот за задолжителниот заем за обезбедување средства на Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените краишта во периодот од 1986 до 1990 година („Службен весник на СРМ" бр. 7/86 и 20/88), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТАПКИТЕ ПО КОИ ОБВРЗНИЦИТЕ ГО ПЛАЌААТ ЗАДОЛЖИТЕЛНИОТ ЗАЕМ ЗА РЕПУБЛИЧКИОТ ФОНД ЗА КРЕДИТИРАЊЕ НА ПОБРЗИОТ РАЗВОЈ НА СТОПАНСКИ НЕДОВОЛНО РАЗВИЕНИТЕ КРАИШТА ВО ПЕРИОДОТ ОД 1986 ДО 1990 ГОДИНА, ВО 1989 ГОДИНА

1. Обврзниците на заемот ќе го плаќаат задолжителниот заем по следниве стапки и тоа:

— по стапка од 5,2% — обврзниците од дејностите: во областа 07 — Трговија, гранките 0702 — Трговија на големо и 0703 — Надворешна трговија; и

— по стапка од 2,0% — обврзниците од дејностите: во областа 01 — Индустрија и рударство, гранките 0106 — Производство на железна руда, 0107 — Црна металургија, 0108 — Производство на руди од обоени метали, 0109 — Производство на обоени метали, 0110 — Преработка на обоени метали, 0118 — Производство на базни хемиски производи, 0119 — Преработка на хемиски производи и 0133 — Производство и преработка на тутун.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Бр. 23-349/1
9 февруари 1989 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
**Васил Влашки,** с. р.

**103.**

Врз основа на член 89а став 4 од Законот за изменување и дополнување на Законот за Извршниот совет на Собранието на СР Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 20/88), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ СЕКРЕТАР НА СЕКРЕТАРИЈАТОТ ЗА ЗАКОНОДАВСТВО

1. За секретар на Секретаријатот за законодавство се именува Елена Поповска, досегашен заменик на секретарот на Секретаријатот.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 17-419/1
9 февруари 1989 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
**Васил Влашки,** с. р.

**104.**

Врз основа на член 89а став 4 од Законот за изменување и дополнување на Законот за Извршниот совет на Собранието на СР Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 20/88), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЗАМЕНИК НА СЕКРЕТАРОТ НА СЕКРЕТАРИЈАТОТ ЗА ЗАКОНОДАВСТВО

1. За заменик на секретарот на Секретаријатот за законодавство се именува Еврипид Ричковски, досегашен помошник на секретарот на Секретаријатот.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 17-420/1
9 февруари 1989 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
**Васил Влашки,** с. р.

**105.**

Врз основа на член 39 став 2 од Законот за Извршниот совет на Собранието на СР Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 43/81 и 20/88) и точка 4 од Одлуката за образување Стручен совет за правни прашања на Извршниот совет на Собранието на СРМ („Службен весник на СРМ" бр. 44/86), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА СТРУЧНИОТ СОВЕТ ЗА ПРАВНИ ПРАШАЊА НА ИЗВРШНИОТ СОВЕТ НА СОБРАНИЕТО НА СР МАКЕДОНИЈА

1. Се разрешуваат членовите на Стручниот совет за правни прашања на Извршниот совет на Собранието на СР Македонија, поради истек на времето за кое се именувани:

— д-р Стефан Георгиевски,
— Душко Герасимовски,
— Димитрие Димишковски,
— м-р Томе Несторовски,
— д-р Стрезо Стрезовски,
— д-р Александар Христов.

2. За претседател на Стручниот совет повторно се именува проф. Евгениј Димитров, академик.

3. За членови на Стручниот совет се именуваат:

— д-р Симеон Гелевски, вонреден професор на Правниот факултет во Скопје,

— д-р Асен Групче, пензионер, поранешен редовен професор на Правниот факултет во Скопје,

— м-р Томе Несторовски, судија на Судот на здружениот труд на Македонија,

— д-р Александар Николовски, редовен професор на Економскиот факултет во Скопје,

— Томе Пулејков, судија на Врховниот суд на Македонија,

— Крсте Секуловски, потпретседател за правни и кадровски работи во СОЗТ Металски завод „Тито" — Скопје.

Бр. 17-408/1
9 февруари 1989 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
**Васил Влашки,** с. р.

**106.**

Врз основа на член 24 од Законот за заемот за вработување („Службен весник на СРМ" бр. 46/86 и 24/88), републичкиот секретар за финансии донесува

## УПАТСТВО
### ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА УПАТСТВОТО ЗА НАЧИНОТ НА ЗАПИШУВАЊЕ, УПЛАТУВАЊЕ, КОРИСТЕЊЕ И ВРАЌАЊЕ НА СРЕДСТВАТА ОД ЗАЕМОТ, КАКО И ЗА ФОРМАТА И ТЕКСТОТ НА ОБВРЗНИЦИТЕ

1. Во Упатството за начинот на запишување, уплатување, користење и враќање на средствата од заемот како и за формата и текстот на обврзниците

(„Службен весник на СРМ“ бр. 2/87 и 36/87), во точка 2, на крајот, се додава нова реченица која гласи: „За пресметаната обврска на име заем за вработување до 5.000 динари не се врши уплата на средства“.

2. Во точка 4, на крајот, се додава нова реченица која гласи: „За пресметаната обврска на име заем за вработување до 5.000 динари органот за приходи не издава налог за уплата на средствата по тој основ“.

3. Ова упатство влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 09-176/2
16 февруари 1989 година
Скопје

Републички секретар
за финансии,
м-р **Методија Тошевски,** с. р.

## ОПШТИ АКТИ НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

РЕПУБЛИЧКА ЗАЕДНИЦА ЗА ЖЕЛЕЗНИЧКИ СООБРАЌАЈ

**70.**

Врз основа на точка 1.9. во делот 1 Производство и извоз на Програмата на мерки на економската политика во 1989 година, Операционализацијата на Програмата на мерки на економската политика во 1989 година, член 63 став 1 точка 2 од Законот за железниците и член 10 став 1 точка 2 на Самоуправната спогодба за здружување во Републичка самоуправна интересна заедница за железнички сообраќај, Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за железнички сообраќај, во согласност со собранијата на општинските самоуправни интересни заедници за железнички сообраќај со седиште во Скопје, Титов Велес, Штип, Гостивар, Прилеп, Битола и Куманово, на седницата одржана на 24 февруари 1989 година, донесе

### ОДЛУКА

**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВОВЕДУВАЊЕ ПРИДОНЕС ОД ДОХОДОТ И ВИСИНАТА НА СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ НА РЕПУБЛИЧКАТА САМОУПРАВНА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА ЗА ЖЕЛЕЗНИЧКИ СООБРАЌАЈ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ ДЕЛ ОД ТРОШОЦИ НА РЕПРОДУКЦИЈАТА И ЗА НОРМАЛНИ УСЛОВИ НА СТОПАНИСУВАЊЕ ВО ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СООБРАЌАЈ**

Член 1

Во Одлуката за воведување придонес од доходот и висината на стапката на придонесот на Републичката самоуправна интересна заедница за железнички сообраќај за финансирање на дел од трошоците на репродукцијата и за нормални услови на стопанисување во железничкиот сообраќај („Службен весник на СРМ“ број 43/81, 32/82, 4/86 и 2/87), во член 2 ред петти стапката од „0,70%“ се заменува со стапката „1,20%“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Бр. 262
24 февруари 1989 година
Скопје

Претседател,
**Јован Павловски,** с. р.

РЕПУБЛИЧКА ЗАЕДНИЦА ЗА ПАТИШТА

**71.**

Врз основа на член 96 став 2 и член 99 од Законот за патишта („Службен весник на СРМ“ бр. 15/80, 26/80, 28/82, 13/86 и 28/88) и член 18 од Статутот на Републичката самоуправна интересна заедница за патишта, Собранието на Републичката СИЗ за патишта, на седницата одржана на 27 февруари 1989 година, донесе

### ОДЛУКА

**ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ВОВЕДУВАЊЕ И ВИСИНАТА НА ПОСЕБНИОТ НАДОМЕСТ ЗА УПОТРЕБА НА ДЕЛНИЦИТЕ ОД АВТОПАТОТ КУМАНОВО — ТИТОВ ВЕЛЕС ЗА ВОЗИЛАТА РЕГИСТРИРАНИ ВО СФРЈ**

Член 1

Во Одлуката за воведување и висината на посебниот надомест за употреба на делниците од Автопатот Куманово — Титов Велес за возилата регистрирани во СФРЈ од 26. IX. 1988 година („Службен весник на СРМ“ бр. 36/88), во членот 2, одредбите од 1, 2, 3 и 4 се менуваат и гласат:

„1. За моторни возила со две осовини и висина до 1,3 м. (кај предната осовина на возилото) за правците:

| | |
|---|---|
| Куманово — Титов Велес | 3.500 динари |
| Куманово — Миладиновци | 1.500 „ |
| Петровец — Титов Велес | 2.000 „ |

2. За моторни возила со повеќе од две осовини и висина до 1,3 м. (кај предната осовина на возилото) за правците:

| | |
|---|---|
| Куманово — Титов Велес | 5.000 динари |
| Куманово — Миладиновци | 2.000 „ |
| Петровец — Титов Велес | 3.000 „ |

3. За моторни возила со две и три осовини и висина поголема од 1,3 м. (кај предната осовина на влечното возило) за правците:

| | |
|---|---|
| Куманово — Титов Велес | 10.500 динари |
| Куманово — Миладиновци | 4.500 „ |
| Петровец — Титов Велес | 6.000 „ |

4. За моторни возила со повеќе од три осовини и висина поголема од 1,3 м. (кај предната осовина на возилото) за правците:

| | |
|---|---|
| Куманово — Титов Велес | 21.000 динари |
| Куманово — Миладиновци | 9.000 „ |
| Петровец — Титов Велес | 12.000 „ |

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СР Македонија“.

Бр. 325/4
27 февруари 1989 година
Скопје

Претседател,
**Никола Танески,** с. р.

## ЗАЕДНИЦА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА — ГОСТИВАР

**72.**

Врз основа на член 100, 101 и 103 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ" бр. 10/83, 43/85, 50/87 и 27/88), член 161 став 1 точка 6 и член 237 од Статутот на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Гостивар, Собранието на Општинската заедница за здравствена заштита, на седницата на Соборите на делегатите корисници на услуги — работници и давателите на услуги, одржана на 23 јануари 1989 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТАПКАТА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ (ЗДРУЖУВАЊЕ) НА СРЕДСТВА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА РАБОТНИЦИТЕ ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Стапката на придонесот за здравствена заштита на работниците преку која се обезбедуваат и здружуваат средства врз основа на Планот за развој на Општинската заедница, се определува во висина од 8,50% од бруто личниот доход на работниците во која се содржани:

— стапката на придонесот за задолжителни видови на здравствена заштита од 4% и

— стапката на придонесот за правата од здравствена заштита што самостојно ги утврдува Заедницата од 4,5%.

Член 2

Работните луѓе што вршат занаетчиска, угостителска и друга дејност со средства за работа над кои постои право на сопственост и работните луѓе кои со личен труд самостојно во вид на занимање вршат професионални дејности издвојуваат и здружуваат средства за здравствена заштита, по стапка од 9%.

Основ за пресметување и плаќање на придонесот од претходниот став е даночната основица, но не помалку од 300.000 динари нето месечен личен доход пресметан во бруто основица.

Член 3

За корисниците за кои основицата се определува само во чист личен доход, придонесот за здравствена заштита се пресметува и плаќа од чистиот личен доход со примена на просечната стапка за чист личен доход, врз основа на збирот на републичките и општинските стапки на придонесот од личниот доход.

Член 4

Посебниот придонес за користење на здравствена заштита во странство на работниците испратени на работа во странство од организации на здружен труд (деташирани работници) се определува по стапка во висина од 20% од утврдената основица и тоа:

— просечниот нето личен доход на работниците во матичната организација исплатен во претходниот пресметковен период во која работникот е испратен во странство:

— за работниците кои не оствариле личен доход во претходниот пресметковен период, како основица се зема исплатениот просечен нето личен доход во категоризацијата што ја има деташираниот работник.

Основицата од претходниот став во текот на годината се применува како аконтација.

По завршната сметка утврдената основица се утврдува дефинитивно и се изготвува конечна пресметка.

Член 5

Стапката на придонесот за здравствена заштита во случај на несреќа на работа и заболување од професионални болести се утврдува:

1. — 0,45% од доходот на организациите на здружен труд и други самоуправни организации од областа на стопанството, вклучувајќи ги и организациите на здружен труд регистрирани како установи распоредени во областите од 01—11 од Одлуката за единствената класификација на дејностите („Службен лист на СФРЈ" бр. 34/77 и 62/77).

Основицата за пресметување и плаќање на придонесот од претходната точка е остварениот доход на организацијата.

2. — 0,6% од личниот доход за обврзниците на придонесот распоредени во областите 12, 13 и 14 од Одлуката за единствената класификација на дејностите.

Основицата за пресметување и плаќање на придонесот од точка 2 претставува бруто личниот доход.

Член 6

Со влегувањето во сила на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за утврдување на стапката на придонесот за здравствена заштита на работниците под број 08-708 од 26 декември 1986 („Службен весник на СРМ" бр. 48/86)

Член 7

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година, и ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 08-25/4
23 јануари 1989 година
Гостивар

Претседател,
**Јашар Адили,** с. р.

---

**73.**

Врз основа на член 116 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ" бр. 10/83, 43/85, 50/87 и 27/88), член 37 став 2 и член 166 став 1 точка 9 од Статутот на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Гостивар, Собранието на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Гостивар, на седницата на Соборот на корисниците на здравствена заштита — земјоделци и Соборот на давателите на услуги, на седницата одржана на 23 јануари 1989 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА УЧЕСТВО НА КОРИСНИЦИТЕ — ЗЕМЈОДЕЛЦИ ВО ТРОШОЦИТЕ НА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА

Член 1

Со оваа одлука се утврдува висината на учеството на трошоците на здравствената заштита што го плаќаат корисниците — земјоделци, валоризацијата и местото и начинот на плаќање на учеството и други прашања од значење на спроведување на Одлуката.

Член 2

Корисниците — земјоделци учествуваат во трошоците при користењето на здравствената заштита и тоа за:

1. секој специјалистички лекарски преглед (освен кај лекар специјалист од општа медицина, медицина на трудот, гинеколог, педијатар стоматолог, пнеумофтизиолог, радиолог, физикална медицина и рехабилитација и дерматовенеролог, кои работат во примарна здравствена заштита 30% од цената на прегледот утврдена со единствениот ценовник, освен децата до шест (6) годишна возраст;

2. болничко лекување од цената на болничкиот ден утврдена со единствениот ценовник и тоа:

— 5% од цената на болничкиот ден за децата од 6—20 годишна возраст;

— 20% од цената на болничкиот ден за редовните ученици и студенти од 20—26 годишна возраст;

— 50% од цената на болничкиот ден за лицата од 20—65 годишна возраст; и

— 5% од цената на болничкиот ден за лицата над 65 годишна возраст.

3. лекови и санитетски материјали кои се препишуваат на рецепт — 30% од вредноста на лекот, освен децата до 6 годишна возраст;

4. превоз со санитетска кола за итна медицинска помош на болниот до најблиската здравствена организација — 50% од цената по изминат километар утврдена со единствениот ценовник;

5. незадолжителни вакцинации — 100% од цената на услугата и вакцината;

6. за естетска корекција на органи и делови на телото — 100% од цената на услугата;

7. вештачко прекинување на бременоста од немедицински причини 100% од цената утврдена со единствениот ценовник, освен за жени кои имаат над две деца,

8. здравствени услуги и лекување од труење со алкохол и труење со други средства — 100% од направените трошоци за лекување;

9. протетички и ортотички средства и санитарни справи, очни и слушни помагала, помагала за обезбедување на гласен говор, забнопротетички средства — 100% од цената на услугата утврдена со единствениот ценовник.

Член 3

Од учество во трошоците при користење на здравствена заштита корисниците — земјоделци се ослободуваат, освен за лекарства и тоа:

— лицата кои дарувале крв над 10 пати;

— лицата кои според прописите од Законот за пензиско и инвалидско осигурување се со трајно загубена работна способност и

— лицата кои користат здравствена заштита од задолжителен вид според Законот за следните болести: туберкулоза, акутни заразни заболувања; кожновенерични заболувања, душевни заболувања, малигни заболувања, шеќерна болест, прогресивна мускулна дистрофија и ревматична треска, како и хронична бубрежна инсуфициенција — дијализа.

Член 4

Учеството во трошоците при користењето на здравствената заштита утврдено со оваа одлука, корисниците непосредно го плаќаат во здравствената организација, односно во друга организација во која користат здравствена заштита.

Учеството во трошоците за здравствена заштита утврдено во проценти од цената на услугата, се одредува во апсолутен износ према цената на услугата во здравствената, односно друга организација во која се користи услугата.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Со денот на стапувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за правата на земјоделските осигуреници при користење на здравствена заштита и за висината на учеството во трошоците на здравствената заштита („Службен весник на СРМ" бр. 7/79).

Бр. 08-25/14
23 јануари 1989 година
Гостивар

Претседател,
**Јашар Адили,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ПРЕДУЧИЛИШНО И ОСНОВНО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ И ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА — ГОСТИВАР

**74.**

Врз основа на член 13 од Законот за самоуправните интересни заедници за воспитание и образование („Службен весник на СРМ" бр. 9/78), член 55 од Законот за општествена заштита на децата („Службен весник на СРМ" бр. 6/81) и член 26 од Статутот на ОСИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата — Гостивар, Собранието на Заедницата на седницата одржана на 25 ноември 1988 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ ВИСИНАТА НА СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ОД ЛИЧНИОТ ДОХОД НА РАБОТНИТЕ ЛУЃЕ ШТО СЕ ПЛАЌА ВО КОРИСТ НА ОСИЗ ЗА ПРЕДУЧИЛИШНО И ОСНОВНО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ И ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА — ГОСТИВАР

Член 1

За извршување на задачите на ОСИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата — Гостивар, за задоволување на потребите на интересите од областа на предучилиштето, основното воспитание и образование и општествена заштита на децата, работниците и другите работни луѓе обезбедуваат средства од личен доход по стапки на придонеси утврдени со оваа одлука.

Член 2

Од 1 јануари 1988 година стапките на придонесите од личен доход ќе изнесуваат:

**А. За дејноста основно воспитание и образование:**

| | | |
|---|---|---|
| 1. | придонес од личен доход на работниците од стопанските и општествените дејности | 6,00%; |
| 2. | придонес од личниот доход за вршење на земјоделска дејност | 2,00%; |
| 3. | придонес од личниот доход од самостојно вршење на стопанска и професионална дејност | 33%. |

**Б. За дејноста општествена заштита на децата:**

| | | |
|---|---|---|
| 1. | придонес од личен доход на работниците од стопанските и општествените дејности | 1,75%; |
| 2. | придонес од личниот доход за вршење на земјоделска дејност | 0,30%; |
| 3. | придонес од личниот доход од самостојно вршење на стопанска и професионална дејност | 1.00%. |

Член 3

Организациите на здружен труд од областа на општествените дејности на:

— основно образование (120111), насоченото образование (120122), КУД „Детска Радост" — Гостивар (130012), Средношколски дом „Бранко Станоевиќ" — Гостивар (130212), нема да плаќаат придонес за основно воспитание и образование и општествена заштита на децата.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Член 5

Со влегувањето во сила на оваа одлука престануваат да важат одлуките број 0802-491/1 од 29 јули 1988; 0801-662/12 од 28 септември 1988 година.

Бр. 0801-823/3
25 ноември 1988 година
Гостивар

Претседател,
**Аритон Веселиноски,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА — ДЕМИР ХИСАР

75.

Врз основа на член 100 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ“ бр. 10/83) и член 161 став 1 точка 6 од Статутот на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Демир Хисар, Собранието на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Демир Хисар, на седницата одржана на 29 декември 1988 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ОСИГУРЕНИЦИТЕ — РАБОТНИЦИ ОД ОПШТИНАТА ДЕМИР ХИСАР ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Стапката на придонесите за здравствена заштита за 1989 година се утврдува 8% од бруто личниот доход и другите примања во која се содржани:

— стапката на придонесот за задолжителни видови на здравствена заштита, 4% и

— стапката на придонесот за правата од здравствена заштита над задолжителни видови и другите права од здравственото осигурување, 4%.

Придонесот за здравствена заштита во случај на несреќа на работа и заболување од професионална болест се утврдува во висина од 0,5%.

Основица за пресметување на придонесот од претходниот став претставува:

— кај обврзниците кои формираат доход, остварениот доход;

— кај обврзниците кои не формираат доход, бруто личните доходи и другите примања.

За лицата кои работат по договор за дело ќе се плаќа придонес за здравствена заштита во случај несреќа на работа по стапка од 1% на исплатениот надоместок.

Член 2

Посебниот придонес за користење на здравствена заштита во странство (за деташирани работници) се одредува во висина од 20% од чистиот доход, односно основицата утврдена со посебна одлука.

Придонесот од претходниот став по видови на осигурување се распоредува сразмерно на стапката утврдена со член 1 на оваа одлука.

Член 3

Придонесот за здравствена заштита на корисниците на пензија и СИЗ за пензиското и инвалидското осигурување на Македонија го плаќа по стапка што одговара на нето на бруто стапка од член 1 на оваа одлука.

Основица за пресметување на придонесот од претходниот став претставуваат вкупно исплатените примања во времето за кое се плаќа придонесот.

Член 4

Придонесите ги пресметуваат и плаќаат обврзниците на начин утврден со законот Статутот, оваа одлука и други општи акти на Заедницата.

Член 5

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката од 1987 година.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Одлуката да се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 02-579/2
29 декември 1988 година
Демир Хисар

Претседател,
**Живко Дранговски,** с. р.

76.

Врз основа на член 100 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ“ бр. 10/83), и член 161 став 1 точка 6 од Статутот на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Демир Хисар („Службен гласник на Општината Демир Хисар“ бр. 3/86), Собранието на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Демир Хисар, на седницата одржана на 29 декември 1988 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ ВО ОПШТИНАТА ДЕМИР ХИСАР ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Придонесите за здравствена заштита на земјоделците во општината Демир Хисар за 1989 година се определуваат и тоа:

1. За осигурениците земјоделци кои имаат сопствена земја (катастарски приходи) се плаќа:

а) по стапка од 20% на катастарскиот приход;

2) За осигурениците земјоделци кои немаат сопствена земја, а се занимаваат со земјоделска дејност се плаќа:

а) 12.000 динари за семејство, ако домаќинството е задолжено со придонес на катастарски приход;

б) по 45.000 динари за семејство, ако домаќинството не е задолжено со придонес на катастарски приход.

3. Секој член односно осигурено лице од точката 1 и 2 на оваа одлука плаќа по 9.000 динари паушал.

Член 2

Придонесите што ќе се наплаќаат по член 1 од оваа одлука се распоредуваат по видови на здравствената заштита и тоа:

1. за задолжителни видови — 75%;

2. за правата што самостојно ги утврдува Заедницата и другите права од здравствената заштита на земјоделците — 25%.

Член 3

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката од 1987 година.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Бр. 02-579/3
29 декември 1988 година
Демир Хисар

Претседател,
**Живко Дранговски,** с. р.

77.

Врз основа на член 103—105 и член 108—110 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ“ бр. 10/83) и член 151 став 1 точка 15 од Статутот на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Демир Хисар, Собранието на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Демир Хисар, со рамноправно учество во Соборот на делегатите корисници на услуги — работници и Соборот на делегати — даватели на услуги, на седницата одржана на 29 декември 1988 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ПРИДОНЕСИТЕ НА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА ШТО СЕ ПЛАЌААТ ВО ПОСТОЈАНИ МЕСЕЧНИ ИЗНОСИ ЗА ОДДЕЛНИ КАТЕГОРИИ НА ОСИГУРЕНИЦИ ВО 1989 ГОДИНА

Член 1

Придонесите за здравствена заштита во постојани месечни износи во 1988 година се плаќаат за:

1. лицата на доброволна практика (волонтери) што не примаат личен доход ако работат со полно работно време, во износ од 5.400 динари;

2. учениците во средните училишта за одделни струки за кои покрај училишната се изведува и практична настава во организација на здружениот труд, училиштето или кај приватен работодавец во износ од 3.000 динари;

3. лицата на школување, стручно усовршување или постдипломски студии кои поради тоа прекинале со школување, ако за тоа време примаат стипендија, во износ од 15.000 динари;

4. лицата кои организацијата пред да ги вработи ги упати како свои стипендисти на практична работа во друга организација заради стручно оспособување, ако за тоа време примаат стипендија, во износ од 15.000 динари;

5. лицата кои учествуваат во младински работни акции, а кои по прописите на инвалидското осигурување се осигурени во сите случаи на инвалидност, во износ од 3.000 динари;

6. лицата кои учествуваат во организирани работни акции ако на тие работи работат најмалку 6 часа дневно, во износ од 3.000 динари;

7. лицата кои се наоѓаат на предвојничка обука (логорување), во износ од 3.000 динари;

8. лицата — припадници на територијални единици припадници на цивилната заштита за време на цивилната заштита и за време изведување на задачите на територијалната одбрана, во износ од 3.000 динари;

9. уживателите на постојана државна помош дадена од страна на бившите президиуми на народните собранија или од страна на извршниот совет, во износ од 5.400 динари;

10. за членовите на потесното семејство на југословенските работници на работа во странство кои живеат на подрачјето на Заедницата, на кои не им е обезбедена здравствена заштита кај странскиот носител на здравствена заштита се плаќа придонес за здравствена заштита во постојан износ од 10.000 динари;

11. уживателите на инвалиднини по прописите на инвалидското осигурување и тоа само во случај на потреба од лекување во врска со повреда или заболување што предизвикало телесно оштетување на кои им припаѓа право на инвалиднина, во износ од 5.400 динари;

12. брачниот другар, односно родители осигуреници според член 32 од Законот за здравствена заштита, по 10.000 динари;

13. членовите на семејството на осигуреникот кој се наоѓа на отслужување на воениот рок на ЈНА, ако пред тоа го исполнил условот на претходно осигурување, во износ од 2.000 динари по член;

14. југословенските државјани што примаат пензија или инвалиднина исклучиво од странски носители на осигурување (земји без конвенција) додека престојуваат на подрачјето на Заедницата плаќаат месечен паушал во износ од 30.000 динари.

Член 2

Во постојани месечни износи се плаќаат придонеси за здравствено осигурување за случај несреќа на работа и заболување од професионални заболувања во износ од 15.000 динари за:

1. учениците во средните училишта и студентите во вишите и високите школи, факултетите, уметничките академии за времетраењето на практичната работа во врска со наставата;

2. лицата кои учествуваат во младинските работни акции кои по прописите на инвалидското осигурување се осигурени за сите случаи на инвалидноста, како и лицата кои учествуваат во организирани работни акции;

3. лицата кои се наоѓаат на извршување на задачите на територијалната одбрана и на цивилната заштита;

4. лицата кои се наоѓаат на предвојничка обука;

5. лицата кои се наоѓаат на стручно оспособување и на преквалификација а се упатени од Самоуправната интересна заедница за вработување;

6. лицата кои работат помалку од половина од полното работно време и

7. припадниците на доброволните организации на противпожарната заштита.

Член 3

Платените придонеси од член 1 точка 1 од оваа одлука по видови на здравствена заштита ќе се распоредуваат по следната структура:

— за задолжителни видови 5,00%
— за останати права на задолжителните видови 3,00%
— за несреќа на работа и професионално заболување 5,00%

а придонесите од точка 9—15 се распоредуваат:

— задолжителни видови 60,00%
— за останати права над задолжителните видови 40,00%

Член 4

Придонесите за лицата опфатени со член 1 и 2 од оваа одлука се пренесуваат и плаќаат месечно наназад, по исклучок на придонесите од член 10 и 15.

Доколку придонесите се утврдуваат за време покусо од 1 месец на секој календарски ден во соодветниот месец се плаќа по 1/30 од определениот месечен износ на придонесот.

Член 5

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката на оваа заедница од 1988 година.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Одлуката да се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 579/5
29 декември 1988 година
Демир Хисар

Претседател,
**Живко Дранговски,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА — НЕГОТИНО

78.

Врз основа на член 81, став 1 алинеја 5 од Законот за здравствена заштита, и согласно член 160, став 1 точка 1 од Статутот на Општинската СИЗ за здравствена заштита, Собранието на ОСИЗ за здравствена заштита — Неготино, на заедничка седница на трите собори, одржана на 14 ноември 1988 година, донесе

## СТАТУТАРНА ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ОПШТИНСКАТА САМОУПРАВНА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА — НЕГОТИНО

Член 1

Во Статутот на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Неготино, бр. 0231-121 од 29 март 1984 година, во член 9, ставот 2 се менува и гласи:

„— Во остварувањето на здравствената заштита корисниците на правата од здравствената заштита учествуваат во трошоците на одделни видови здравствени услуги, ортопедски помагала, протетички средства и лекови, ако е тоа предвидено со самоуправен општ акт на Републичката заедница за здравствена заштита".

Член 2

Во член 14, став 1 по заградата се бришат зборовите: „под услови утврдени со самоуправен општ акт на Заедницата за вработување".

Член 3

Во член 17, во став 2 по зборот „баба“ се додаваат зборовите „брат и сестра“.

Член 4

Во член 26, став 1 точката 3 се менува и гласи:

„— 3. примарна, специјалистичко консултативна и болничка здравствена заштита и други права од здравствената заштита што самостојно ги утврдуваат во рамките на Заедницата за здравствена заштита“.

Член 5

Во член 28, став 1 точката 1 се менува и гласи:

„1. спроведување мерки за здравствена заштита заради спречување и рано откривање на заболувањата од професионални болести и повреди на работа“.

Член 6

Членот 30 се менува и гласи:

„Покрај правата од задолжителните видови здравствена заштита и здравствена заштита за случаи на несреќа при работа и професионални заболувања, корисниците на здравствена заштита од членовите 11 до 15 и од 17 до 22 од овој статут остваруваат и права од примарна, специјалистичко-консултативна и болничка здравствена заштита утврдена со плановите и Програмите за развој на здравствената заштита што ги донесува Собранието на ОСИЗ за здравствена заштита, како и други права од здравствената заштита утврдени со закон и овој статут“.

Член 7

Во член 33, ставот 2 се менува и гласи:

„Листата на лекови што можат да се препишуваат на товар на средствата на Заедницата се утврдува со општ акт на Републичката заедница за здравствена заштита“.

Ставот 3 во член 33 се брише.

Член 8

Членот 34 се менува и гласи:

„Користењето на лекови и имунизацијата кога имунизацијата не е задолжителна се обезбедува со учество на корисниците на здравствена заштита во поднесувањето на трошоците ако тоа е предвидено со самоуправен општ акт на Републичката заедница за здравствена заштита“.

Член 9

Во член 40, во став 1 зборовите „болен член на потесното семејство“ се заменуваат со зборовите „болно дете до тригодишна возраст“.

По став 2 се додава нов став кој гласи:

„Корисниците од став 1 на овој член имаат право на надоместок на личниот доход за време на привремена спреченост за работа и поради негување на болен член од потесното семејство над 3 годишна возраст, како и за време на неопходно придружување на болно дете до 3 годишна возраст додека е на болничко лекување до 30 дена, над 30 дена под услови и во траење утврдени со самоуправен општ акт или овој статут на Заедницата“.

Член 10

Член 48 се менува и гласи:

„Надоместок на личен доход за време на спреченост за работа поради нега на болен член на потесното семејство согласно член 40 под условите утврдени во член 47 од овој статут, припаѓа:

1. за нега на болно дете до 3 годишна возраст се додека трае спреченоста за работа, и за скратено работно време по 4 часа дневно до 3 годишна возраст на детето;

2. за нега на болен член на потесното семејство постар од 3 години, а помлад од 10 години најдолго до 60 дена без прекин;

3. за нега на болен член на потесното семејство постар од 10 години и за нега на брачен другар — породилка најдолго 40 дена, без прекин.

Оценка за привремената спреченост за работа поради нега на болен член на потесното семејство во случаите од овој член, за првите 15 дена дава лекарот — поединец, над 15 до 30 дена Лекарската комисија на Здравствениот дом, а над 30 дена Лекарската комисија на Заедницата“.

Член 11

Член 55 се менува и гласи:

„Основицата за надоместок на личниот доход на корисниците — работници за време на привремена спреченост за работа или отсутност од работа, ја сочинува просечната аконтација на личниот доход остварена во последните три месеци пред настапувањето на случајот поради кој се стекнува правото на надоместок.

Ако корисникот работник во последните три месеци не остварил личен доход, основицата за надоместокот на личниот доход ќе му се утврди од аконтацијата на личниот доход утврдена со самоуправен општ акт на самоуправната организација или заедница во која е вработен“.

Член 12

Во член 56, во став 1 зборот „претходната“ се заменува со зборот „тековната“, а став 2 се менува и гласи:

„Ако корисникот од став 1 на овој член нема утврдена основица за плаќање на средства за здравствена заштита, основицата за надоместокот на личниот доход ќе му се утврди од аконтацијата на основицата според која плаќа средства за здравствена заштита“.

Член 13

Членот 57 се менува и гласи:

„Ако привремената спреченост или отсутност од работа траела подолго од 6 месеци, основицата за надоместокот се усогласува со порастот на личниот доход во организацијата во тековната година во однос на личниот доход остварен во тримесечниот период кој е земен при утврдувањето на надоместокот на личниот доход, односно со порастот на основицата за плаќање на средствата за здравствена заштита“.

Член 14

Членот 58 се менува и гласи:

„На корисникот — работник од член 40 од овој статут на кој му се исплатува надоместок на личниот доход и по престанокот на својството врз основа на кој се стекнал со тој надомест, ако привремената спреченост или отсутност траела подолго од 6 месеци, основицата на надоместокот на личниот доход се усогласува со просечниот пораст на личниот доход во општината во тековната година“.

Член 15

Во член 60 став 1 се менува и гласи:

„На корисниците — работници вработени кај приватни работодавци кои се на боледување подолго од 6 месеци, основицата на надоместокот им се зголемува со просечниот пораст на личниот доход во општината во тековната година“.

Член 16

Во член 63, одредбите од точка 1 до 8 под в), се менуваат и гласат:

„1) 80% од основицата за надоместокот за првите 60 дена за дете до 3 годишна возраст, и за скратено работно време од 4 часа дневно за дете до 3 годишна возраст;

2) 90% од основицата за надоместокот почнувајќи од 61 дена па до крајот на спреченоста за работа за дете до 3 годишна возраст, и за скратено работно време од 4 часа дневно за дете до 3 годишна возраст;

3) 80% од основицата за надоместокот почнувајќи од 31 до 60 ден за дете од 3 до 10 годишна возраст;

4) 70% за основицата за надоместок за нега на останатите членови на семејството од член 48, став 1 точка 3 од овој статут".

Член 17

Членот 66 се менува и гласи:

„Надоместокот на личниот доход се определува најмалку во висина од 70% од основицата за надоместокот на личниот доход, но не помалку од 70% од износот на гарантираниот личен доход утврден со закон".

Член 18

Во член 68, во став 2 по зборот „помал" се додаваат зборовите „од 70%".

Член 19

Во член 103, во став 1 по зборот „Собранието" зборовите „на заедницата" се бришат и се заменуваат со зборовите „на Републичката заедница за здравствена заштита".

Член 20

Во член 104 зборовите „на Заедницата" се заменуваат со зборовите „на Републичката заедница за здравствена заштита".

Член 21

Во член 106 бројот „30" се заменува со бројот „15".

Член 22

Членот 107 се менува и гласи:

„Оценка за привремена спреченост за работа за првите 15 дена дава лекарот што го избрал корисникот, а од 16 до 30 дена лекарската комисија на здравствената организација на подрачјето на Заедницата, во состав и на начин определен со самоуправен општ акт на таа здравствена организација.

Оценка за привремена спреченост за работа над 30 дена дава Лекарската комисија на Заедницата.

Со општ акт на Заедницата се формира Лекарската комисија од став 2 на овој член, се утврдува нејзиниот состав и надлежност како и начинот и постапката за работата.

Со општ акт на Заедницата се формира и Комисија на вештаци — лекари, а може да биде определено Комисијата на лекари вештаци од друга Заедница да ги врши работите на оваа заедница".

Член 23

Член 108 се менува и гласи:

„Лекарот што дал оценка за привремена спреченост за работа е должен по наполнети 15 дена непрекинато боледување да го упати болниот на преглед веднаш до надлежната лекарска комисија на Здравствената организација, а до нејзината одлука оценката на лекарот за привремената спреченост за работа е задолжително.

Лекарската комисија на Здравствената организација е должна по наполнети 30 дена непрекинато боледување да го упати болниот до Лекарската комисија на Заедницата, и тоа веднаш, а најдоцна во рок од 3 дена по навршувањето на 30 дена боледување, доколку смета дека боледувањето треба да продолжи".

Член 24

Во член 254 се додаваат 5 нови става кои гласат:

„Средствата од корисниците на здравствена заштита на име учество при користењето на здравствена заштита се приходи на Заедницата за здравствена заштита.

Средствата за здравствена заштита на лицата од член 14 став 1, точка 1 и 6 од овој статут ги обезбедуваат и уплатуваат СИЗ за вработување, односно за социјална заштита.

Средствата за специфична здравствена заштита обезбедуваат ОЗТ од областа на стопанството и другите самоуправни организации и заедници од вкупниот приход.

Средствата за здравствена заштита на лицата од член 14, став 1 точка 4 и 5 од овој статут ги обезбедува Републиката.

Средствата за здравствена заштита на лицата од член 17, став 5 обезбедува општината".

Член 25

Член 260 се менува и гласи:

„Земјоделците обезбедуваат средства за здравствена заштита со придонес од личниот доход и со средства по член на домаќинството.

Основицата за пресметување на придонесот од став 1 на овој член за земјоделците кои имаат сопствено земјиште претставува катастарскиот приход, а за земјоделците кои земаат земја под наем и за лицата кои се занимаваат со риболов и сточарство ја утврдува Општинската заедница во согласност со Собранието на Општината.

Придонесот за здравствена заштита корисниците земјоделци го обезбедуваат преку стапка на придонес од основицата од претходниот став на овој член.

Стапката на придонесот за здравствена заштита на земјоделците ја утврдува Собранието на Заедницата во соглсаност со Собранието на општината Неготино".

Член 26

Оваа статутарна одлука влегува во сила наредниот ден по донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на општина Неготино".

0211 бр. 316-13/4
14 ноември 1988 година
Неготино

Претседател,
**Менча Насова,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА — ОХРИД

**79.**

Врз основа на член 100, 101 и 102 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ" бр. 10/83) и член 162 од Статутот на Општинската самоуправна интересна заедница за здравствена заштита — Охрид, Собранието на Општинската самоуправна интересна заедница за здравствена заштита — Охрид, на својата седница одржана на 26 декември 1988 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА СТАПКИТЕ И ТАРИФИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА РАБОТНИЦИТЕ ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Стапката на придонесот за здравствена заштита за 1989 година се определува за висина од 8% од бруто личниот доход и другите примања во која се содржани:

— стапката на придонесот за задолжителни видови на здравствена заштита над задолжителните видови и другите права од здравствена заштита од 4%.

Тарифата на придонесот за здравствена заштита во случај несреќа на работа и професионални заболувања изнесува:

1. за ООЗТ кои се обврзници на данок на доход во висина од 0,40% од остварениот доход од стопанството;

2. за ООЗТ и другите работни заедници кои не се обврзници на данок на доход во висина од 0,50% од чисгите нето лични доходи и други лични примања.

Член 2

Придонесите ги пресметуваат и плаќаат обврзниците на начин утврден со Законот, со Статутот на Заедницата и другите општи акти на Заедницата.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Бр. 03-5029
26 декември 1988 година
Охрид

Го заменува претседателот на Собранието
Член на Извршен одбор,
**Климент Гушески,** с. р.

**80.**

Врз основа на член 106 од Законот за здравствена заштита и член 162 од Статутот на Општинската самоуправна интересна заедница за здравствена заштита, Собранието на Општинската самоуправна интересна заедница за здравствена заштита — Охрид, на седницата одржана на 26 декември 1988 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ВИСИНАТА НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдува висината на придонесите за финансирање на здравствената заштита на земјоделските осигуреници при Општинската заедница за здравствена заштита за 1989 година.

Член 2

Земјоделските осигуреници ќе ги плаќаат следните придонеси за здравствена заштита за 1989 година:

а) за задолжителни видови здравствена заштита 5% од катастарскиот приход и 5000 динари за осигурен член од домаќинството;

б) за правата на здравствена заштита над задолжителните видови на здравствено осигурување 5% од катастарскиот приход и 5000 динари за секој осигурен член на домаќинството.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила по објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Бр. 05-5030
26 декември 1988 година
Охрид

Го заменува претседателот на Собранието
Член на Извршен одбор,
**Климент Гушески,** с. р.

**81.**

Врз основа на член 108 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ“ бр. 10/83) и член 162 од Статутот на Општинската самоуправна интересна заедница за здравствена заштита — Охрид Собранието на Општинската самоуправна интересна заедница за здравствена заштита — Охрид, на седницата одржана на 26 декември 1988 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОСЕБНИОТ ПРИДОНЕС ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ПОТЕСНОТО СЕМЕЈСТВО НА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ ДРЖАВЈАНИ НА РАБОТА ВО СТРАНСТВО ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Посебниот придонес за здравствена заштита на членовите на потесното семејство на југословенските државјани на работа во странство што живеат на подрачјето на оваа заедница, а на кои не им е обезбедена здравствена заштита кај странскиот носител на здравственото осигурување, ќе плаќаат самите осигуреници — работници вработени кај странскиот работодавач во постојан месечен износ за секој осигуреник — член на семејството при Заедницата, во месечен износ од 30.000 динари.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Член 3

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката бр. 05-8384 од 30 декември 1987 година.

Бр. 05-5031
26 декември 1988 година
Охрид

Го заменува претседателот на Собранието
Член на Извршен одбор,
**Климент Гушески,** с. р.

**82.**

Врз основа на член 162 од Статутот на Општинската заедница за здравство и здравствено осигурување — Охрид и член 105, 109 и 112 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ“ бр. 10/83), Собранието на Општинската заедница за здравствена заштита — Охрид, на седницата одржана на 26 декември 1988 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ВИСИНАТА НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА ОДДЕЛНИ КАТЕГОРИИ НА ОСИГУРЕНИЦИ ВО 1989 ГОДИНА

Член 1

Придонесите за здравствено осигурување за 1989 година за одделни категории осигуреници изнесуваат за:

1. лицата на доброволна практика (волонтери) што не примаат личен доход, ако работат со полно работно време, во месечен износ од 5600 динари;

2. учениците во средните училишта за одделни занимања за кои покрај училишната се изведува и практична настава во организациите на здружен труд, училиштето или кај приватен работодавец, во месечен износ од 2460 динари;

3. лицата на школување, стручно усовршување или постдипломски студии кои поради тоа прекинале со работа, ако за тоа време примаат стипендија се плаќа придонес, во месечен износ од 12300 динари;

4. лицата кои организацијата пред да ги вработи ги упати како свои стипендисти на практична работа во друга организација заради стручно оспособување, кои за тоа време примаат стипендија придонесот се плаќа, во месечен износ од 12300 динари месечно;

5. лицата кои учествуваат во младински работни акции, а кои по прописите на инвалидското осигурување се осигурени во сите случаи на инвалидност се плаќа, месечен износ од 1970 динари месечно;

6. лицата кои учествуваат во организирани работни акции, ако на тие работи работат најмалку 6 часа дневно, месечно од 1970 динари;

7. лицата кои се наоѓаат на предвојничка обука (логорување), во месечен износ од 1970 динари;

8. лицата припадници на територијални единици, припадници на цивилната заштита за време на изведување на задачите на територијалната одбрана, во месечен износ од 1970 динари;

9. уживатели на постојана државна помош дадена од страна на бившите президиуми на народните собранија или од страна на Извршниот совет, во месечен износ од 4440 динари;

10. уживатели на инвалиднини по прописите на инвалидското осигурување и тоа само за случаи на потреба од лекување во врска со повреда или заболување што предизвикало телесно оштетување на кој им припаѓа право на инвалиднина, во месечен износ од 4440 динари;

11. иселениците — повратници додека се пријавуваат редовно кај СИЗ за вработување, во месечен износ од 6170 динари;

12. членови на семејство на осигуреникот кои се нашле на отслужување на воен рок во ЈНА, ако пред тоа ги исполнил условите на претходно осигурување, во месечен износ од 7400 динари по член;

13. член на семејство кој се наоѓа на издржување казна затвор ако на осигуреникот не му престанува работниот однос во работната организација за време на издржувањето на казната, во месечен износ од 7400 динари по член;

14. југословенски државјани што примаат пензија или инвалиднина исклучиво од странски носител на осигурувањето (за земја без конвенции), додека престојуваат на подрачјето на Заедницата ќе плаќаат од месечната пензија или инвалиднината пресметана во динари во проценти колку што изнесува стапката за здравствена заштита на работниците.

Член 2

Во постојани месечни износи се плаќаат придонеси за здравствено осигурување за случај несреќа на работа и заболување од професионални заболувања во месечен износ од 524 динари:

1. учениците во средните училишта и студентите во вишите и високите школи, факултетите и уметничките академии за време на практична работа во врска со наставата;

2. лицата кои учествуваат на младински работни акции кој по прописите на инвалидското осигурување се осигурени за сите случаи на инвалидност, како и лица кои учествуваат во организирани работни акции;

3. лицата кои се наоѓаат на предвојничка обука;

4. лицата кои се наоѓаат на извршување на задачите на територијалната одбрана и цивилната заштита;

5. лицата кои се наоѓаат на стручно оспособување или на преквалификација, а се упатени од Самоуправната интересна заедница за вработување;

6. лицата кои работат помалку од полното работно време и

7. припадниците на доброволните организации на противпожарната заштита.

Член 3

Платените придонеси од член 1 точка 1 до 8 од оваа одлука по видови на здравствена заштита ќе се распоредуваат по следната структура:

— задолжителни видови — 55%;

— за останати права над задолжителни видови — 40%;

— за несреќа на работа и професионално заболување — 50%.

Придонесите од точка 9—14 се распределуваат за:

— за задолжителни видови — 60%;

— за останати права над задолжителни видови — 40%.

Член 4

Придонесите за лицата опфатени со член 1 и 2 од оваа одлука се пресметуваат и плаќаат месечно наназад.

Доколку придонесите се утврдуваат за време покусо од 1 месец, за секој календарски ден се плаќа по 1/30 од определениот месечен износ на придонесот.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 05-5034
26 декември 1988 година
Охрид

Го заменува претседателот на Собранието
Член на Извршен одбор,
**Климент Гушески**, с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ПРЕДУЧИЛИШНО И ОСНОВНО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ И ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА — РАДОВИШ

**83.**

Врз основа на член 13 став 1 и 2 од Законот за самоуправните интересни заедници („Службен весник на СРМ" бр. 9/78), член 219 од Законот за предучилишно и основно воспитание и образование, член 55 од Законот за општествена заштита на децата („Службен весник на СРМ" бр. 6/81) и член 26 став 10 од Статутот на ОСИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата — Радовиш, Собранието на Заедницата, на седницата одржана на 19 јануари 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ОСИЗ ЗА ПРЕДУЧИЛИШНО И ОСНОВНО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ И ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА — РАДОВИШ ЗА 1989 ГОДИНА

### I. Дејност основно воспитание и образование

Член 1

За 1989 година се утврдуваат стапки на придонес за основно образование и тоа:

1. придонес од личен доход од работен однос во стопанството, по стапка од 5%;

2. придонес од личен доход од работен однос од нестопанството, по стапка од 5%;

3. придонес од земјоделска дејност по стапка од 2%;

4. придонес од самостојно вршење на занаетчиска дејност, по стапка од 7%.

Член 2

Организациите на здружен труд од основното образование (12011), средното насочено образование (12012) и социјалната заштита (13024) плаќаат 50% односно 2,5% од утврдената стапка за основно образование.

За организациите на здружен труд од општествена заштита на децата (130211) се утврдува стапка на придонес 70% од стапка во член 1 и ќе изнесува 3,5%.

### II. Дејност општествена заштита на децата

Член 3

Во 1989 година се утврдува стапка на придонес за општествена заштита на децата и тоа:

1. придонес од личен доход од работен однос во стопанството по стапка од 1,60%,

2. придонес од личен доход од работен однос во нестопанството по стапка од 1,60%.

Член 4

Организациите на здружен труд од основното образование (12011), средното насочено образование (12012) и социјалната заштита (13024) ќе плаќаат 50% од утврдената стапка од член 3 и ќе изнесува 0,80%, придонес за општествена заштита на децата.

За организациите на здружен труд од општествена заштита на децата (130211) се утврдува стапка на придонес од 70% од стапката во член 3 и ќе изнесува 1,12%.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година и ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 02-1/3
19 јануари 1989 година
Радовиш

Претседател,
**Младен Митев,** с. р

ЗАЕДНИЦА ЗА КУЛТУРА — РАДОВИШ

**84.**

Врз основа на член 20 од Законот за самоуправните интересни заедници („Службен весник на СРМ" бр. 5/74) и член 22 од Статутот на ОСИЗ за култура — Радовиш, Собранието на Заедницата на седницата, одржана на 17 јануари 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕС ЗА ОСИЗ ЗА КУЛТУРА — РАДОВИШ ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Во 1989 година се утврдува стапка на придонес за култура и тоа:

1. придонес од доходот на стопанството — 0,60%;
2. придонес од личен доход од работен однос од нестопанството — 0,20%;
3. придонес од земјоделска дејност — 1%.

Член 2

Организациите на здружен труд од основното образование (12011), средното насочено образование (12012) и социјалната заштита (13024) плаќаат 50% придонес за култура од утврдената стапка од член 1 и ќе изнесува 0,10%.

За организациите на здружен труд од општествена заштита на децата (130211) се утврдува стапка на придонес од 70% од стапката во член 1 и ќе изнесува 0,14%.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година

Бр. 02-1
17 јануари 1989 година
Радовиш

Претседател,
**Димитар Бошнаков,** с. р

ЗАЕДНИЦА ЗА ФИЗИЧКА КУЛТУРА — РАДОВИШ

**85.**

Врз основа на член 17 од Статутот на ОСИЗ за физичка култура — Радовиш, Собранието на Заедницата, на седницата одржана на 23 јануари 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ ВИСИНАТА НА СТАПКИТЕ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА СРЕДСТВА НА ОСИЗ ЗА ФИЗИЧКА КУЛТУРА — РАДОВИШ ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

За обезбедување на средства за физичка култура за 1989 година се утврдува висината на придонесот и тоа:

од доходот на стопанството 0,30%;
од бруто личниот доход на нестопанство 0,20%;
придонес од земјоделска дејност 1%.

Член 2

Организациите на здружен труд од основното образование (12011), средното насочено образование (12012) и социјалната заштита (13024) ќе плаќаат придонес за физичка култура 50% од утврдената стапка во член 1 и ќе изнесува 0,10%.

За организациите на здружен труд од општествената заштита на децата (130211) се утврдува стапка во износ од 0,14%.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година и ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 02-11/1
23 јануари 1989 година
Радовиш

Претседател,
**Кирчо Сусинов,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА — РАДОВИШ

**86.**

Врз основа на член 106 и 107 од Законот за социјална заштита („Службен весник на СРМ" бр. 9/86) и член 14 од Статутот на ОСИЗ за социјална заштита — Радовиш, Собранието на ОСИЗ за социјална заштита Радовиш, на седницата одржана на 31 јануари 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ ВИСИНАТА НА СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ НА ОСИЗ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА — РАДОВИШ ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат стапките на придонесите од доходот на основните организации на ОЗТ, од личниот доход од работен однос, од личен доход од земјоделска дејност и личниот доход од самостојно вршење на стопанска дејност за 1989 година преку кои се обезбедуваат средства на ОСИЗ за социјална заштита — Радовиш.

Член 2

Во 1989 година се утврдуваат следните стапки на придонеси на ОСИЗ за социјална заштита и тоа:

— придонес од доход на основните организации на ОЗТ, по стапка од 1%;

— придонес од личен доход од работен однос од нестопанство, по стапка од 0,70%;

— придонес од личен доход од земјоделска дејност, по стапка од 1%;

— придонес од личен доход од самостојно вршење на стопанска дејност, по стапка од 1%.

Член 3

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за утврдување висината на стапките на придонесите на ОСИЗ за социјална заштита — Радовиш за 1988 година.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со донесувањето и ќе се објави во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Бр. 02-7
31 јануари 1989 година
Радовиш

Претседател,
**Павлина Стефанова,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ПРЕДУЧИЛИШНО И ОСНОВНО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ И ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА — СТРУМИЦА

87.

Врз основа на член 26 став 1 алинеја 10 од Статутот на ОСИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата — Струмица, Собранието на Општинската СИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата — Струмица, на седницата одржана на 22 декември 1988 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ ВИСИНАТА НА СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА — ПРИХОД НА ОПШТИНСКАТА САМОУПРАВНА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА ЗА ПРЕДУЧИЛИШНО И ОСНОВНО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ И ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА — СТРУМИЦА, ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Стапките на придонесите за обезбедување на финансиски средства — приход на Општинската СИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата — Струмица, за 1989 година се утврдуваат во следните износи:

— придонес од бруто личен доход од работен однос во општественото стопанство и нестопанство — 8,30%, од кои 6,30% за основно воспитание и образование и 2,00% за општествена заштита на децата;

— придонес од личен доход од самостојно вршење на занаетчиска или друга стопанска дејност — 23,00% од кои 20,00% за основното воспитание и образование и 3,00% за општествена заштита на децата; и

— придонес од личен доход од самостојно вршење нестопанска дејност или услуга — 23,00% од кои за основно воспитание и образование — 20,00% и за општествена заштита на децата 3,00%.

Член 2

Стапките од став 1 алинеја 3 и 4 од член 1 на оваа одлука, ќе се применуваат и на исплатата на надоместокот на личен доход по основ на договор за дело, граѓанско-правен основ и пензионери кои вршат работи по основ на договор за дело.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година и ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 02-691/1
22 декември 1988 година
Струмица

Претседател,
**Томе Пачоов**, с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА — ШТИП

88.

Врз основа на член 26 од Законот за самоуправните интересни заедници за здравство и здравствено осигурување и член 31 од Статутот, Собранието на Самоуправната интересна заедница за здравствена заштита — Штип, на седницата на Соборот на делегатите на работниците — корисници на услуги и Соборот на делегатите на работниците од организациите на здружен труд во здравството — даватели на услуги, одржана на 31 декември 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ПОСТОЈАНИТЕ ИЗНОСИ НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА ОДДЕЛНИ КАТЕГОРИИ ЛИЦА НАДВОР ОД РАБОТЕН ОДНОС ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Придонесите за здравствено осигурување за постојан паричен износ за 1989 година се плаќаат и тоа:

1) за учениците во стопанството односно за учениците во училиштата за квалификувани работници во кои покрај училишната се изведува и практична работа во организацијата, училиштата или приватниот работодавец, во износ од 1.800 динари месечно за целосна здравствена заштита;

2) за учениците односно — студенти — странски државјани кои се наоѓаат на школување или практика на територијата на Заедницата доколку со меѓународната спогодба не е определено поинаку, во износ од 16.000 динари месечно за целосна здравствена заштита;

3) за лица кои учествуваат во организирани работни акции, и кои на тие работи работат најмалку 6 часа дневно, во износ од 1.600 динари месечно за целосна здравствена заштита;

4) за уживателите на постојана помош доделена од страна на бившите президиуми на народното собрание или од страна на Извршниот совет во износ од 16.000 динари месечно;

5) за членовите на семејствата на југословенските државјани во странство кои не се здравствено осигурени со прописите на земјата во која работат или според меѓународната спогодба, а пред стапување во работен однос во странство имале живеалиште на територијата на оваа заедница, во износ од 16.000 динари месечно по член;

6) за лицата кои се наоѓаат на предвојничка обука и логорување, во износ од 1.600 динари месечно за целосна здравствена заштита;

7) за лицата припадници на територијалната единица и на цивилната заштита за време на извршување на задачите на територијалната одбрана, во износ од 1.600 динари месечно на име придонес за случај несреќа на работа и заболување од професионални болести;

8) за учениците во средните училишта и студентите во вишите и високите школи, факултетите, уметничките академии за времетраењето на практичната работа во врска со наставата, во износ од 1.600 динари месечно на име придонес за несреќа на работа и заболување од професионални болести;

9) за лицата кои работат помалку од половината од полното работно време, во износ од 1.600 динари, месечно и тоа на име придонес за здравствено осигурување во случај на несреќа на работа и професионални болести;

10) за лицата припадници на доброволни организации на противпожарната заштита, во износ од 1.400 динари месечно на име придонес за здравствено осигурување во случај на несреќа на работа и заболување од професионални болести;

11) за земјоделците кои го здружиле своето земјиште со основните организации на здружен труд во износ од 10.000 динари месечно за целосна здравствена заштита.

Член 2

Придонесите се пресметуваат и ги плаќаат обврзниците на начин утврден со закон, со статутот и други општи акти на Општинската заедница за здравствена заштита — Штип.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Бр. 04-13/7
31 јануари 1989 година
Штип

Претседател,
**Тодор Витларов**, с. р.

**89.**

Врз основа на член 42 став 1 точка В од Законот за здравствена заштита и член 75 од Статутот, Собранието на Општинската заедница за здравствена заштита — Штип, на седницата одржана на 31 јануари 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗНОСОТ НА НАДОМЕСТОКОТ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ПАТУВАЊЕ, ИСХРАНА И СМЕСТУВАЊЕ НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА ЗА ВРЕМЕ НА ПАТУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ ВО ДРУГО МЕСТО ВО ВРСКА СО ОСТВАРУВАЊЕТО НА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА ЗА 1989 ГОДИНА

I

При остварувањето на здравствената заштита во друго место, надвор од подрачјето на Општинската заедница за здравствена заштита — Штип, осигурените лица имаат право да ги користат средствата на јавниот сообраќај и тоа: автобус во патниот и втора класа во железничкиот сообраќај.

За извршеното патување на начин определен во претходниот став на име трошоците за патување на осигуреното лице се исплатува износ во висина на остварените трошоци.

II

Надоместокот на трошоците за исхрана и сместување за време на патување и престој во друго место во врска со остварувањето на здравствената заштита изнесува:

— 6.000 динари на подрачјето на Социјалистичка Република Македонија;

— 10.000 динари ако се упатува во друга република односно покраина.

III

Надоместокот на трошоците за исхрана и сместување од точка II на оваа одлука се исплатува во полн износ во случај кога патувањето и престојот трае подолго од 12 часа. Кога патувањето и престојот трае помалку од 8 часа надоместокот на трошоците за исхрана и сместување не се исплатува.

IV

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 06-13/8
31 јануари 1989 година
Штип

Претседател,
**Тодор Витларов,** с. р.

---

**90.**

Врз основа на член 42 став 1 точка Д од Законот за здравствена заштита и член 32 од Статутот на Заедницата, Собранието на Општинската заедница за здравствена заштита — Штип на седницата одржана на 31 јануари 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ЗАКОП НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА ВО 1989 ГОДИНА

Член 1

Висината на надоместокот на трошоците за закоп на осигурените лица се определува и тоа:

1. — 65.000 динари во случај на смрт на дете до едногодишна возраст,

2. — 105.000 динари во случај на смрт на дете над едногодишна возраст до седумгодишна возраст;

3. — 185.000 динари во случај на смрт на корисниците на здравствена заштита над 7 годишна возраст.

Член 2

Надоместокот за закоп на осигурено лице надвор од подрачјето на Општинската заедница за здравствена заштита се исплатува според одлуката на Општинската заедница за здравствена заштита каде што се врши закопот на осигуреното лице ако тоа е поповолно за него.

Член 3

Во случај на смрт на осигуреникот, на членовите на неговото семејство им припаѓа надомест за посмртна помош во висина на последниот едномесечен износ на основата на надоместокот на личниот доход, односно едномесечна последна пензија, материјално обезбедување или привремениот надоместок при што се зема предвид заштитниот додаток што се исплатува со пензијата како и додатокот на инвалидноста што се исплатува со инвалидската пензија по прописите на пензиското и инвалидското осигурување.

Член 4

Ако закопот на осигурено лице го изврши работна или друга организација на истите им припаѓа надоместок на трошоците за закоп во висина на стварно извршените трошоци.

Член 5

Надоместокот на трошоците за превоз на телото на починатиот корисник кој претходно е упатен на лекување во здравствена организација надвор од подрачјето на Заедницата, се определува и исплатува во висина на стварно направените трошоци.

Член 6

Со денот на примената на оваа одлука престанува да важи Одлуката за висината на надоместокот на трошоците за закоп на осигурено лице број 06-9/16 од 25 февруари 1988 година.

Член 7

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 06-13/9
31 јануари 1989 година
Штип

Претседател,
**Тодор Витларов,** с. р.

---

Врз основа на член 78, а во врска со член 27 став 1, од Законот за редовните судови („Службен весник на СРМ" број 10/76, 30/77, 37/77, 9/78, 27/78, 46/82, 11/87 и 24/88), Собранието на Социјалистичка Република Македонија

## ОБЈАВУВА
## дека ќе врши избор на судија на Окружниот суд — Скопје

Се повикуваат заинтересираните кандидати кои ги исполнуваат условите од член 74 од Законот за редовните судови, пријави со биографски податоци за движењето во работата и другите активности да поднесат до Собранието на СР Македонија — Комисија за прашања на изборите и именувањата, во рок од 15 дена од денот на објавувањето.

Од Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на СРМ

---

### СОДРЖИНА

91. Закон за изменување на Законот за даноците на граѓаните — — — — — — 125
92. Закон за изменување и дополнување на Законот за избор на член на Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија — — — — — 125
93. Закон за изменување на Законот за општонародна одбрана — — — — — 126

94. Одлука за усвојување на Програмата за работа на Републичкиот општествен правобранител на самоуправувањето за 1989 година — — — — — — — — — 126
95. Одлука за усвојување на Договорот за усогласување на судските такси — — — 126
96. Одлука за усвојување на Договорот за основите на политиката на даноците и придонесите — — — — — — — — 127
97. Одлука за усвојување на Договорот за основите на политиката на даноците и придонесите — — — — — — — — 127
98. Одлука за кредитната политика на Републиката во 1989 година — — — — 127
99. Програма за поттикнување на развојот на земјоделството во 1989 година — — — 128
100. Финансиска програма за пошумување на голините и мелиорација и реконструкција на слабопродуктивните нискостеблени и деградирани шуми и шикари во 1989 година — — — — — — — — — 133
101. Одлука за утврдување на стапките по кои обврзниците ја плаќаат обврската спрема Фондот на Федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини од 1986 до 1990 година во 1989 година — — — — — 134
102. Одлука за утврдување на стапките по кои обврзниците го плаќаат задолжителниот заем за Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените краишта во периодот од 1986 до 1990 година во 1989 година 135
103. Решение за именување секретар на Секретаријатот за законодавство — — — 135
104. Решение за именување заменик на секретарот на Секретаријатот за законодавство 135
105. Решение за разрешување и именување претседател и членови на Стручниот совет за правни прашања на Извршниот совет на Собранието на СР Македонија 135
106. Упатство за дополнување на Упатството за начинот на запишување, уплатување, користење и враќање на средствата од заемот, како и формата и текстот на обврзниците — — — — — — — — 135

**Општи акти на самоуправните интересни заедници**

СКОПЈЕ
70. Одлука за изменување на Одлуката за воведување придонес од доходот и висината на стапката на придонесот на Републичката самоуправна интересна заедница за железнички сообраќај за финансирање дел од трошоци на репродукцијата за нормални услови на стопанисување во железничкиот сообраќај — — — — — — 136
71. Одлука за измена на Одлуката за воведување и висината на посебниот надомест за употреба на делниците од автопатот Куманово — Титов Велес за возилата регистрирани во СФРЈ — — — — 136

ГОСТИВАР
72. Одлука за утврдување на стапката за обезбедување (здружување) на средства за здравствена заштита на работниците за 1989 година — — — — — — — — 137
73. Одлука за учество на корисниците — земјоделци во трошоците на здравствената заштита — — — — — — — — — 137
74. Одлука за утврдување висината на стапките на придонесите од личен доход на работните луѓе што се плаќа во корист на ОСИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата — Гостивар — — — 138

ДЕМИР ХИСАР
75. Одлука за стапките на придонесите за здравствена заштита на осигурениците — работници од општината Демир Хисар за 1989 година — — — — — — — — 139
76. Одлука за придонесите за здравствена заштита на земјоделците во општината Демир Хисар за 1989 година — — — 139
77. Одлука за придонесите на здравствената заштита што се плаќаат во постојани месечни износи за одделни категории на осигуреници во 1989 година — — — 139

НЕГОТИНО
78. Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на Општинската самоуправна интересна заедница за здравствена заштита — Неготино — — — 140

ОХРИД
79. Одлука за стапките и тарифите на придонесите за здравствена заштита на работниците за 1989 година — — — — 142
80. Одлука за висината на придонесите за финансирање на здравствена заштита на земјоделците за 1989 година — — — 143
81. Одлука за утврдување на посебниот придонес за здравствена заштита на членовите на потесното семејство на југословенските државјани на работа во странство 143
82. Одлука за висината на придонесите за здравствено осигурување на одделни категории на осигуреници во 1989 година 143

РАДОВИШ
83. Одлука за утврдување на стапките на придонесите за ОСИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата — Радовиш за 1989 година — — — — — — — 144
84. Одлука за утврдување на стапките на придонесите за ОСИЗ за култура — Радовиш за 1989 година — — — — — 145
85. Одлука за утврдување висината на стапките за обезбедување на средства на ОСИЗ за физичка култура — Радовиш за 1989 година — — — — — — — — 145
86. Одлука за утврдување висината на стапките на придонесите на ОСИЗ за социјална заштита — Радовиш за 1989 година 145

СТРУМИЦА
87. Одлука за утврдување висината на стапките на придонесите за обезбедување на финансиски средства — приход на Општинската самоуправна интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата — Струмица за 1989 година 146

ШТИП
88. Одлука за постојаните износи на придонесите за здравствено осигурување на одделни категории лица надвор од работен однос за 1989 година — — — — — 146
89. Одлука за износот на надоместокот на трошоците за патување, исхрана и сместување на осигурените лица за време на патување и престој во друго место во врска со остварувањето на здравствената заштита за 1989 година — — — — 147
90. Одлука за висината на надоместокот на трошоците за закоп на осигурените лица во 1989 година — — — — — — — 147

**Издавач: Новинско-издавачка работна организација Службен весник на СРМ — Скопје, ул. „29 Ноември" бр. 10а. Пошт. фах 51. Телефон 228-204. Директор и одговорен уредник Ружа Зузаровска. Жиро сметка број 40100-603-12498 кај СОК — Скопје. Печат Графички завод „Гоце Делчев" — Скопје**